**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 декември 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранинето на Република Македонија, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 83-та седница на Собранието на Република Македонија

Пратениците Весна Борозан, Есад Рахиќ, Ванчо Ѓоргиев, Трифун Костовски, Али Ахмети, Г'зим Острени, Мендух Тачи, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев и Слободан Чашуле ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, бидејќи не можеме да го видиме резултатот од гласање на мониторот.

Во салата се присутни 71 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија; претседателот на Републичкиот судски совет; вршителот на должноста претседател на Основниот суд Скопје И - Скопје; претседателот на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје и Главниот државен ревизор.

Записниците од Шеесет и деветтата и Седумдесет и седмата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки? (Нема).

Бидејќи нема, констатирам дека записниците од Шеесет и деветтата и Седумдесет и седмата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Ве известувам дека Стојан Блажески поднесе оставка на функцијата судија поротник на Основниот суд во Гостивар.

Консатирам дека на господин Стојан Блажески му престанува функцијата судија поротник на Основниот суд во Гостивар.

Комисијата за финансирање и буџет предлага на оваа седница да се разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2003 година.

Го молам претседателот на Комисијата за финансирање и буџет да ја образложи основната и неодложна потреба Годишниот извештај да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата господин Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Комисијата за финансирање и буџет го разгледа Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2003 година, чиј што обем на работа е 2002 година и предложи до Собранието, согласно член 66 од Деловникот истиот да биде разгледан на оваа седница.

Зошто тоа го правиме? Само да потсетам дека тој Извештај е за 2003 година, ние сме кон крајот на 2004 година, што значи Државниот завод за ревизија има законски рокови во кои треба да ги разгледа и Собранието да ги усвои извештаите за 2004 година итн, а со оглед дека времето минува, еве го декември месец, не очекуваат и други седници и не гледам простор и можност кога би можело тој Извештај да биде разгледан.

Од тие причини, сметајќи дека овој дневен ред не е обемен, имаме простор, време и место да го разгледаме на оваа седница, со оглед дека Собранието две години наназад, а можеби и повеќе, ги разгледувало извештаите и овде со заклучоци ги усвојуваме.

Заради тоа предлагаме како Комисија, а тоа беше едногласно констатирано, дневниот ред за оваа седница да се дополни и со Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија.

Се надевам на ваше разбирање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Комисијата Годишниот извештај да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 64 гласале за, нема воздржан, 4 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за безбедносната состојба во Кондово.

Информацијата Ви е доставена.

Го молам пратеникот Ѓорѓи Трендафилов да ја образложи итната и неодложна потреба Информацијата да биде разледана на оваа седница.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине Јордановски.

По втор пат се обидуваме да ја наметнеме дилемата во Собранието дали навистина информациите со кои располагаат пратениците на ВМРО се вистините или не се вистините. Инаку, во текот на минатата седница во Информацијата, во рамките на претпоставките кои ги изнесовме наведовме дека постои јасна командна структура и нештата се крајно сериозни и навистина тоа што се случува не само во Кондово туку во еден поширок регион, не само во главниот град на Република Македонија, навистина заслужува и да го добие потребното внимание токму од Собранието. Забележливо е присуство на униформирани лица веќе во неколку делови на главниот град на Република Македонија и исто така таа бројка повеќе или помалку можеме да Ви ја соопштиме, доколку сте заинтересирани. Исто така можеме, но не умееме да Ви соопштиме бројка затоа што и нам не ни е позната и голем број на лица кои се веројатно дојдени од Косово. Можеме да Ви го соопштиме типот на оружјето со кое располагаат, можеме да Ви соопштиме за куќата која привремено е некаков штаб на инспираторите на она што се случува во Кондово, и не само во Кондово, можеме да ви кажеме сознание дека нашата полиција повеќе не минува низ Кондово ниту прави нешто во тој регион, затоа што во неколку наврати припадниците на Министерството за внатрешни работи кои се обиделе или да поминат низ Кондово или извршувајќи ги своите редовни задачи, вклучително и сообраќајната полиција, се предупредени тие свои активности повеќе да не ги извршуваат во тој реон, затоа што во реон надлежност за редот и мирот, за безбедноста и воопшто за почитување на сообраќајните правила е некаква друга полиција, не полицијата на Република Македонија. Иако дури и до Министерството за внатрешни работи е стигната информација дека, за жал, една малолетничка од село Кондово е злоставувана во ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов, Ве молам, ова е за итноста, не треба да водиме материјална расправа.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас не знам како да ја кажам итноста, освен, не дај Боже, да тресне нешто во оваа зграда за да ја сватите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Доволно елементи кажавте за да пристапиме кон гласање. Ќе се отвори таа точка и ќе се расправа, ако се прифати.

Предлогот на пратеникот Ѓорѓи Трендафилов Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 25 пратеници гласале за, нема воздржани и 44 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, Предлогот за разрешување на потпретседател на Собранието на Република Македонија, Предлогот за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија, Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев” и Предлогот на одлуката за именување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Заради ефикасноста претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој предлог одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам претседателе.

За денешната Осумдесет и трета седница на Собранието на Република Македонија Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага пет точки, односно пет Предлог одлуки да бидат разгледани по итна постапка. Едната одлука, како што спомнавте се однесува на пополнувањето и докомплетирањето на едно од работните тела на Собранието на Република Македонија, втората и третата се поврзани со разрешување односно избор на потпретседател на Собранието, четвртата е основање Одбор за доделување на наградата за наука “Гоце Делчев” и петтата е кадровско прашање во Јавното дифузно друштво Македонска радио телевизија чиј основач е Собранието на Република Македонија.

Наведените утврдени предлог одлуки од седницата на Комисијата веќе се доставени до пратениците.

Итноста и неодложноста е заснована на членот 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и молам предлозите да бидат ставени на усвојување на денешната седница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Петров.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката  за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам  да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 51 пратеник гласаше за, 2 воздржано и нема против.

Ја молам службата да го утврди бројот на присутни пратеници во салата, иако има повеќе од 61 пратник присутен во салата, но за жал некој не гласал.

Во салата се присутни 74 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот за разрешување на потпретседател на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 52, 1 воздржано и 4 против.

Во салата се присутни 74 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата ...

(Пратеникот Краљевски бара збор).

Да завршиме прво со гласањето.

Процедурално, има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе,

Го слушнав образложението на претседателот на Комисијата за избори и именување и можам само да констатирам дека беа штуро нафрлени неколку ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Краљевски, во што е згрешена процедурата?

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Нелогична е процедурата, на иста седница на Собранието да се разрешува потпретседателот на Собранието и да се прејудицира избор на нов потпретседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие зборувате за логика, а тоа е субјективна работа.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Да, тоа е логиката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Воопшто не е логиката, затоа што прво ќе се разреши, потоа ќе се именува.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Не може на иста седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Каде пишува дека не може?

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

На иста седница не може, се прејудицира решението по втората точка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во Деловникот кажете ми каде пишува дека не може тоа да се направи на иста седница, тоа е процедурално. Бидејќи нема такво нешто во Деловникот, Ве молам ...

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Па целата македонска јавност ќе цени дали е тоа логично или нелогично. Логиката се врзува со процедурата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ај да не зборуваме за логиката, има многу да зборуваме за логиката.

Повелете.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 56 пратеници гласале за, нема воздржани, 2 против, во салата се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е логичното разрешување, па избирање.

Гласале 57 пратеника, 53 за, нема воздржан, 4 против.

Во салата се присутни 73 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседатели и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев” да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 50 за, еден воздржан, нема против.

Во салата се присутни 73 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за именување заменик на генерален директор на ЈП МРТВ да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 50 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 73 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Каролина Ристова, Андреј Жерновски, Коце Трајановски, Рафиз Алити, Замир Дика, Зоран Крстевски, Исмет Рамадани предлагаат на оваа седница да се разгледа Предлог одлука за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Молам еден од предлагачите да ја образложи основната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница.

Има збор пратеникот Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Ви благодарам господине претседател,

Итноста и неодложноста се состои во тоа што веќе на 15-ти овој месец треба да започнат оперативните подготовки за воспоставување на овој Комитет, согласно членот 114 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Затоа Собранието на Република Македонија мора да ја донесе неопходната правна рамка за воспоставување на нашиот дел од овој Парламентарен комитет за стабилизација и асоцијација. Поконкретно, нашата делегација во Комитетот најпрвин со оваа општа

одлука која ќе биде основа за донесувањето на Одлуката за персоналниот состав на делегацијата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратениците Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 62 за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

Господине Матоши, што барате? (Господинот Матоши бара дополнување)

Откако ќе го прочитам дневниот ред, тогаш ќе прашам дали некој има дополнување или измени.

1.Предлог за избор на судија на Уставниот суд на Република Македонија ,

2. Предлог за избор на судија на Врховен суд на Република Македонија,

3. Предлог за избор на судии на апелационите судови во Скопје и Штип,

4. Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Дебар,

5. Предлог за избор на судии на основните судови во Битола, Гостивар, Крива Паланка, Куманово, Прилеп, Радовиш, Скопје 1 - Скопје, и Тетово.

6. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд Скопје 1 - Скопје,

7. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд Скопје 2 - Скопје,

8. Предлог за разрешување на претседател на Основниот суд во Кичево,

9. Предлог за разрешување судии на основните судии во Дебар, Кочани и Струнмица,

10. Предлог на Одлука за именување заменик на Генералниот директор на ЈП на МРТВ,

11. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија,

12. Предлог на одлука за разрешување и именување претседатели и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”,

13. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија,

14. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Свети Николе,

15. Предлог на одлука за огласување на избор на судии на основните судови во Кочани, Радовиш, Струмица и Тетово,

16. Предлог за разрешување потпретседател на Собранието на Република Македонија,

17. Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија,

18. Предлог на одлука за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација,

19. Предлог за донесување Закон за ратификација на Европската социјална повелба и Протоколот со кој се врши измена и дополнување на Европската социјална повелба, со Предлог на закон,

20. Предлог за донесување закон за девизна инспекција, со Предлог на закон,

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон,

22. Предлог на закон за спречување насилство и недостојно однесување на спортските натпревари,

23. Годишен извештај за извршените ревизии и за работа на Државниот завод за ревизија за 2003 година,

24. Информација за состојбите со системот за "Спас на Дојранското Езеро.

Дали има предлог за изменување и дополнување на дневниот ред.

Повелете господине Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам, г-дине претседател,

Јас имам едно дополнување на дневниот ред на денешната седница кое е многу значајно. Треба да се запозне јавноста со работата на спроведувањето на новиот закон за Универзитетот во Тетово.

Би побарал да добиеме потполна информација во однос на легализирањето на оваа институција или акредитацијата на оваа институција до каде е дојдена работата, да го знаеме бројот на студентите кои студираат, континуитетот на работата на универзитетот кога не беше легален. Вознемирувачко е тоа што денеска имаме протести, штрајкови на студентите кои бараат да студираат на свој јазик на неколку факултети по конкретно факултетот за медицина, стоматологија. Имаме проблем со студентите од Драмскиот факултет, психологија, студенти по физичка култура итн.

Вие знаете ние како парламентарна група. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Матоши, дозволете да Ви објаснам некои работи. Можеме дневниот ред да го дополниме само врз основа на информација, а бидејќи вие немате таква информација мислам дека е безпредметно сега да образлагате и онака деловнички не можам да прифатам. Да се стави нешто на дневен ред треба да се има информација, можеме од Владата да побараме информација и на наредната седница да го ставиме или вие да подготвите информација па ќе ја ставиме на дневен ред.

РУЖДИ МАТОШИ:

Сакам да ја оправдам причината зошто ја барам оваа информација, ќе ве молам да не ме прекинувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има регуларна процедура како да ја добиете информацијата, ве молам, сега зборуваме за дополнување на дневниот ред, Вие немате информација и не можеме да го дополниме тоа што вие го барате.

РУЖДИ МАТОШИ:

Од каде вие како претседател знаете дали Министерството за образование има информација или не. Ве молам, немојте да станувате тутор на Министерството за образование. Јас да образложам, па потоа вие донесете одлука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие барате нешто да се дополни, а немате информација, немате материјал. Сега сме во таа фаза на утврдување на дневниот ред, разберете, ве молам.

Јас лично ќе побарам информација од Владата и кога ќе ја добиете или ако не верувате на Владата можете и вие да подготвите информација, како што имаме информација за Кондово и за сите други која регуларно е доставена, напишана и ја ставивме на дневен ред.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас мислам дека е оправдано барем да образложам зошто барам да имаме дополнување на дневниот ред, вие ме прекинувате г-дине претседателе. Ова покажува дека не сте рационални во вашата работа, ве молам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Матоши, јас работам по Деловникот, без информација воопшто не можеме да дополнуваме, а јас претпоставувам дека ова е дел од Вашата желба да кажете без било какви информации и додатни податоци.

Повелете г-дине Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас барам од оваа седница а се симне точката 17 од предложениот дневен ред, бидејќи точката 17 значи избор на нов потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Ова го барам од проста причина што претходната точка 16 гласи разрешување на Актуелниот потпретседател на Собранието на Република Македонија односно госпоѓата Лилјана Поповска.

Ние не знаеме дали на оваа седница ќе биде разрешена госпоѓата Лилјана Поповска. Ако не биде разрешена, тогаш самата точка ќе биде без предметна.

Втора причина што прејудицираме како да се гласа по точката 16, бидејќи на ваков начин, ако остане точката 17 во предлоченоиот дневен ред им се праќа порака на пратениците дека треба да гласаат за разрешување на госпоѓата Лилјана Поповска.

Тоа не е фер ни демократски и од тие причини, барам точката 17 да се одложи за следната седница на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на г-динот Краљевски, да се симне точката 17 која гласи Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеника, 20 гласале за, 1 воздржан, 46 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Повелете господине Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Ви благодарам господине претседател,

Јас барам да се дополни дневниот ред, но претеходно знам дека нема да го ставите на дневен ред мојот предлог, бидејќи се бара Информација од Мианистерството за внатрешни работи, па за наредната седница да го имате во предвид фактот како точка на дневен ред да ја разгледаме на наредната седница.

Станува збор за акцијата на полицијата на 15 ноември во Мала Речица, каде животот го загуби Агим Бектеши и двајца сллучајни минувачи пред една работилница на еден механичар, каде брутално се претепуваат, а имаше опасност да го загубат животот и други граѓани. Преку печатот дознавме за оваа полициска

акција. Имам точни инфорамции како се случило тоа, но ќе видам дали се согласуваат со службената верзија на МВР. Токму поради ова барам МВР да изготви информација и на наредната седница во врска со полициската акција на 15 ноември во Мала Речица, да расправаме на наредната седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине Халими.

Ние ќе побараме таква информација и кога ќе дојде ќе ја ставиме на точка на дневен ред.

Повелете г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Мојот предлог е точката 17 избор на потпретседател на Собранието да биде точка 15 со цел да се види апсурдноста на нелогичната . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, сега зборуваме за измени и дополнувања на дневниот ред, а редоследот откако ќе го утврдиме дневниот ред.

Две години сте пратеник, тоа треба да го знаете.

Дали некој друг бара збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, г-дине претседателе,

Повеќето пратеници бараат да поминат некои информации што се однесуваат за безбедноста во Република Македонија, но не поминаа. Јас би сакал за наредната седница МВР, вклучувајќи ги сите досегашни барања за Кондово и за последниот случај со пукањето на Бит пазар, кога се погодени полицајци и сите инциденти што се случуваа во последно време едноставно МВР да обезбеди информации и ние како парламент да расправаме по истите.

Мислам дека до наредната седница Собранието би требало да го задолжи МВР таа инфомација да ја имаме и да расправаме по сите овие барања кои до сега ги побараа пратениците на Собранието на Република Македонија. Сите заедно ќе треба да се согласиме таа информација да ја има пред нас, за наредната седница да може да расправаме со аргументи и факти. ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, прдложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеника, 62 гласале за, еден воздржан, 7 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Повелете господине Стојановски вашиот предлог, вие баравте смена на редоследот на точките од дненвиот ред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Мојот предлог е со цел да се покаже апсурдноста на поставувањето на една по друга точка на именување односно прво разрешување, па именување на иста седница на потпретседател на ова Собрание.

Мојот предлог е точката 17 - Избор на потпретседател на Собранието да биде точка 15, а точката 16 - Разрешување, да биде точка 17, значи да ги сменат своите места.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа значи дека ние за половина час ќе имаме тројца потпретседатели.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Целта е да не се прејудицира гласањето по точката 16.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има одлука за два потпретседатели, треба да ја смениме одлуката, па вашиот предлог да биде валиден инаку во даден момент ќе имаме една нелогичност со три потпретседатели.

Во секој случај вашиот предлог го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеника, 7 гласале за, 1 воздржан, 58 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали некој друг бара интервенција во редоследот? (Никој)

Бидејќиј никој не бара, констатирам дека прочитаниот дневен ред е утврден дневен ред.

Повелете г-дине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што има големи измени во дневниот ред, одредени точки не беа прифатени, како што беше состојбата со Консово, одредени точки голем број беа дополнети на дневниот ред и поради тоа барам пауза од поливина час, пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ да се консултира и заземе став по овие нови точки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза не можам да дадам, бидејќи по Деловникот во текот на расправата ќе го добиете дневниот ред онака како што е утврден.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе за 50% се промени дневвиот ред, односно се дополни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе го добиете во текот на расправата, тоа право го имате по Делвоникот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сега, бараме пауза од 15 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза можам да дадам не поради ова, туку затоа што барате пауза.

15 минути пауза.

(Седницата прекина во 10,40 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 10,58 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во сала).

Уште еднаш ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Дневниот ред е поделен.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за избор на судија на Уставниот суд на Република Македонија.**

Предлогот на Републичкиот судски совет ви е доставен.

Судија на Уставниот суд на Република Македонија се избира со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Коце Трајановски.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

На дневен ред е избор на судија на Уставниот суд. Согласно на препораката на Републичкиот судски совет за избор на еден судија во Уставниот суд на

Република Македонија се предлага Бранко Наумовски, Народен правотренител на Република Македонија.

Јас би сакал да кажам неколку зборови во врска со оваа точка од дневниот ред. Имено, Народниот правобранител, претходната година даде еден Извештај пред Собранието што сметам дека му беше еден од подобрите или најдобрите што до сега се дадени од Народниот правобранител, меѓутоа имаме и одредени укажувања или забелешки на неговата работа.

Имено, сметам дека како Народен правобранител, согласно на неговите уставни овластувања што се дадени како на Народен правобранител на Република Македонија...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Ги молам пратениците да не излегуваат од салата.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

... и кои што се со амандманот 11 променети, имено јас би прочитал дека Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој што ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица што им се повредени со акти, дејствија или пропуштање на дејствија од органи на државна управа и други органи и организации што имаат јавни обаластувања.

Значи, сметаме дека Народниот правобранител можеше и требаше повеќе да се ангажира при отпуштањето или бркањето од работа на повеќе десетици илјади вработени од Електростопанство, од Министерството за здравство и од другите јавни организации и министерства кои и таа бараа заштита преку Народниот правобранител. Сметаме дека можеше многу повеќе да направи, бидејќи сеуште овие вработени, сеуште ретко кој од нив, мислам дека освен еден, не се вратени на работа и сите имаат судски процеси кои што можеби ќе бидат и позитивно решени од судските органи.

Исто така, сметаме дека Народниот правобранител требаше повеќе да се нагажира и при раселените лица, бидејќи беа навистина повредени нивните права и, како трето, исто така за граѓаните на Република Македонија кои беа поради обвинувања ставани во притвори. Значи, тука сметаме дека Народниот правобранител можеше повеќе да се ангажира.

Значи, сето ова што накратко го кажав ќе биде како еден товар со кој што господинот Бранко Наумовски ќе биде во Уставниот суд. Сметаме дека, одејќи на новата функција ќе треба доследно да ги извршува задачите што ќе му се дадат од Уставот.

Исто така, кај нас е дилемата, дали со ставањето на господинот Бранко Наумовски за судија на Уставниот суд има шпекулации дека на тоа место ќе дојде некој друг, дали се ова на некој начин и кадровски комбинаторики?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

За збор се јави пратеникот Стојан Андов, а потоа нека се подготви пратеникот Марија Којзеклиска.

Повелете господине Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги,

Ние денеска треба да именуваме, да избереме член на Уставниот суд и тоа е една важна задача. Предложен е за тоа место да го избереме господинот Бранко Наумовски. И јас, само сакам овде да кажам неколку зборви за моето искуство како претседател на Постојаната анкетна комисија за човекови права. Сакам да кажам неколку зборови за моето искуство за работата на Бранко Наумовски, што ја следев како претседател на Постојаната анкетна комисија на Собранието на Република Македонија за заштита на човековите права.

Бранко Наумовски е првиот на избран Народен правобранител и не можеше да се потпре на искуството на некој претходен таков случај. Самиот ги, потпирајќи се на законските и уставни овластувања ги раскрчуваше патиштата на оваа функција. Се разбира, имаше и одредени слабости, меѓутоа мислам како прв Народен правобранител, дека без искуство до сега да ја има државата за тоа, тој сосема добро се снајде и сосема одговорно ги извршуваше своите задачи.

Моето искуство од работата во Комисијата е дека тој секогаш беше подготвен да соработува со Комисијата и со сите други заинтересирани во работата на Комисијата. И, секогаш коректно ја вршеше својата функција.

Денеска, ако го избереме господинот Бранко Наумовски за член на Уставниот суд ќе ја изгубиме можноста таа функција да ја одработува, да ја врши човек кој е докажан дека добро ја врши. Но, мислам дека овој состав на Уставниот суд, со изборот на Бранко Наумовски ќе биде засилен, бидејќи сепак тој покажа една ревност и подготвеност да работи во согласност со Уставот и законите и тука, редовите на Уставниот суд ќе бидат зајакнати.

Ние знаеме каква институција е Уставниот суд. Неговите колебања ги следиме во последно време и мислиме дека е тоа многу значајно да господинто Бранко

Наумовски стане член на Уставниот суд. Тој ќе треба да остави доста проекти и упатства за следниот, кој ќе дојде на местото Народен правобранител. Ние треба да сфатиме дека, кога ги градиме овие институции, треба искуствто и континуитетот да ни бидат многу значајна категорија и дека евентуално назадување на работата на оваа институција запоставување на линијата што е веќе поставена и интензитетот на активноста ќе биде голема загуба за сите оние кои ќе имаат потреба од интервенција на Народниот правобранител.

Во секој сксучај, денеска имаме работа со една задача што треба да ја извршиме. Ние ќе го поддржиме господинот Бранко Наумовски и поради тоа што, како што знаете дека првиот Закон за Народен правобранител е донесен по предлог на член на нашата пратеничка група. Таа системска иновација е таква вградена, тоа беше господинот Зоран Крстевски, тој го изготви и го предложи и беше од Собранието усвоен и многу е важно што господинот Бранко Наумовски тие наши намери што беа презентирани во Законот, не ги изневери.

Затоа, уште еднаш кажувам дека ќе гласаме за господинот Бранко Наумовски.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Андов.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, а потоа нека се подготви пратеникот Жарко Караџоски.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе.

Ова што сакам да го кажам за денешнава точка од дневниот ред е изборот за господинот Бранко Наумовски за судија на Уставниот суд, делумно го кажа господинот Стојан Андов, посебно во делот на искуството и тоа што господинот Бранко Наумовски, како Народен правобранител го правеше во таа институција од 1997 година до денеска.

Колку што знаеме сите, ние донесовме нов Закон за Народен правобранител каде што ингеренциите на Народниот правобранител во однос на тоа што беше со првиот закон се малку проширени и надлежностите на самиот Народен правобранител, така што моето лично мислење е дека господинот Бранко Наумовски можеби ќе требаше да остане и уште еден мандат како Народен правобранител на Република Македонија, со оглед на фактот дека  омбудсманот во ЕУ,  сите колеги ќе се согласат дека тоа е институт многу значаен во правниот систем.

Господинот Стојан Андов наведе дека господинот Бранко Наумовски дојде на тоа место без искуство, без да може да искористи некое свое или некое туѓо искуство. Значи, мораше да ја гради институцијата Народен правобранител и тој да дојде до оваа фаза во која што сега постои таа институција.

Како што реков, со измените на Законот за правобранителот му даваат можност на наредниот правобранител да го надгради институтот Народен правобранител.

Знам дека господинот Бранко Наумовски поминал низ многу патешествија и премрежја додека дошол до 2004 година, започнувајќи од 1997 година, знаејќи дека ние, како Парламент ги минавме годишните извештаи што ги доставуваше господинот Народен правобранител, каде што укажуваше на одбојноста и некоординацијата со државните институции во Република Македонија, постојано укажуваше на зидот до кој што доаѓа во однос на информациите што се од негова надлежност. И сметам, меутоа која била причината што Републичкиот судски совет го предлага токму овој Народен правобранител, господинот Бранко Наумвоски за член на Уставниот суд, најверојатно неговото учество во заштитата на човековите права и слободи како една од основните ингеренции што ги има како Народен правобранител. Меѓутоа, мене едно нешто друго, нешто што постојано се случува тука во Република Македонија, постојано се случува во овој Парламент, ние секогаш од готово правиме вересија и пак ќе кажам, господинот Бранко Наумовски дојде до одредено ниво, па мое лично размислување е дека треба да продолжи да ја гради институцијата Народен омбудсмен, да ја имплементира во најситните делови преку неговите заменици, народни правобранители, а сега новиот човек кој ќе дојде Народен правобранител ќе треба да почне од почеток, како што почнал господинто Бранко Наумовски. Секако дека ќе има одредени консултации, меѓутоа кога Ќе седнете на тоа работно место и тоа треба да ви биде работна задача иако го имате најголемото искуство претходно, сметам дека ќе претрпи определени, еден период ќе имаме доза на стагнирање во извршувањето на функцијата Народен правобранител.

Значи, моето укажување е во наредниот период, за вакви важни институти што постојат во Република Македонија добро да се размисли од аспект на континуитет, на надоградување на тој институт во однос на персоналните решенија за да се задоволи определена цел. Која е целта на Републичкиот саудски совет не знам, меѓутоа уште еднаш ќе повторам дека мое лично размислување дека

господинот Народен правобранител требаше да остане, меѓутоа ќе го поддржам неговиот избор за член на Уставниот суд на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Би сакал да се вклучам во расправата по однос на оваа точка. Во секој случај, прашањето е сериозно. Ние денска бираме член на Уставниот суд на Република Македонија и самиот факт која е функцијата и која е позицијата на Уставниот суд ни дава за право да се вклучиме во расправата со нашето мислење.

Добро е кога се дискутира, односно кога вакви точки доаѓаат денеска на дневен ред, добро е да се каже. Но, зачудува фактот што зборува опозицијата. Можеби и некој може да стекне впечаток дека опозицијата, која вечно само критикува испаѓа сега, во некој случај дека го поддржува предлогот, дека го промовира кандидатот, а позицијата, според она старо правило - најдобро е да молчи, а да гласа. Јас навистина не би сакал да одиме во таа насока, затоа што за господинот Бранко Наумовски требаше и предлагачот а мислам и дека некој од мнозинството пратеници да каже тоа што навистина за овој господин заслужува да се каже.

Господинот Стојан Антов на почетокот тоа го искажа, значи ако за нас пратениците овде е познат фактот, можеби за јавноста не е познат, макар што сметам дека голем дел од граѓаните на Република Македонија многу добро знаат кој е господинот Наумовски заради тоа што ја вршеше функцијата Народен правобранител. Токму поради неспорниот факт што е тој првиот Народен правобранител на Република Македонија, неспорен факт е колку успешно ја заврши таа функција. И јас и моите колеги во дискусијата искажаа дека функцијата Народен правобранител господинот Наумовски навистина ја изврши добро, од аспект имајќи предвид дека тоа беше прва институција односно прва функција и прв Народен правобранител кој се затекна во услови на формирање и развојна на таа институција.

Тоа што ми дава за право да кажам е тоа што овде, почитувани колеги, ако ги следевме, а ги следевме годишните извештаи на Народниот правобранител, што ги доставуваше до нас, пратениците за работата на Народниот правобранител,

можевме и сите бевме сведоци дека тоа беа едни, особено последниот, извештаи кои што беа доста опширни и во кои што се укажуваше која беше работата на Народниот правобранител и како од година во година се среќавал со сите оние проблематики што значат повреди на правата на граѓаните. Јас би сакал само да потсетам дека од година во година бројот на претставките, поплаките или предметите при Народниот правобранител расте, што неминовно укажуваше и во својот извештај Народниот правобранител, но ние овде како пратеници исто со заклучок, дека власта ги нарушува правата и слободите на граѓаните. Тоа, Народниот правобранител овде го достави, ние го разгледувавме и усвоивме. Тоа кажуваше и зборуваше за позицијата што Народниот правобранител со тек на време ја заземаше и што треба да ја има, согласно Уставот.

Тука е неспорна улогата на Народниот правобранител и тоа не треба да се анулира, туку треба да се каже и треба на некој начин да му се заблагодари. Меѓутоа, тоа што на нас, како пратеници, а верувам дека и поголем дел од граѓаните на Република Македонија не загрижува е тоа што ние имаме пракса во Република Македонија постојано да експериментираме со кадри. Ако веќе некој е докажан во својата област, потврден и што овде никој не верувам дека би спорел, особено кога станува збор за господинот Наумовски, не ја гледам причината зошто треба тој ист господин сега да го ставиме во Уставниот суд, односно да го назначинме, иако е неспорно дека и таа функција ќе ја обавува како што треба.

Се отвора следниот проблем, дали со ослободување на местото Народен правобранител ќе ја доведеме таа институција во еден проблем кој што во зголемен интензитет на предмети, зголемен интензитет и поплаки и тн. со именувањето на Народен правобранител би можела да се наруши во смисла на она за кое што ние се залагаме да биде што поефикасна таа институција.

Од тој аспект, ако господинот Наумовски бил докажан, проверен и со неговата работа навистина потврдил дека успешно може заедно со неговите соработници, сите оние структури што ги има во таа институција да се носи со проблемите и од година во година не само што се зголемуваше бројот на предметите кои биле поднесувани, туку се зголемуваше и бројот на решените, односно разгледаните, решените предмети во таа институција. Се отвора тој проблем и вреди да се размисли и да се укаже овде дека тие експерименти можат да не чинат скапо. Јас само ќе ви наведам еден пример кој што овде на сите ви е познат. Да ве потсетам дека од Уставниот суд на Република Македонија кој што беше комплетиран од страна на ова парламентарно мнозинство господинот Иџет Мемети го ставивме

министер за правда. Значи оставивме простор кој што требаше да се пополни и стално правиме некои работи каде што кадрите ни ротираат. Господинот Иџет Мемети според сите овие информации што ги слушаме можеби ќе биде наредниот народен правобранител.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам држете се до темата. Вие отварате принципиелно прашање, спомнувате други личности. Ве молам, држете се до темата, односно Предлогот господинот Бранко Наумовски да биде член на Уставниот суд.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Зборувам за Уставниот суд, за она што се пополнува. Овде имам право да зборувам и принципиелно. Зборувам за кандидатот. Нема да спомнувам личности, меѓутоа таа пракса неможеме да ја избегнеме и тоа што е нешто неможеме да го елиминираме. Јас сум уверен почитуван претседателе дека господинот Бранко Наумовски ќе ја врши функцијата уставен судија исто така успешно како и народен правобранител. Кога ќе се запрашате и вие и јас како ќе се врши функцијата народен правобранител кога ќе го избереме тој господин кој што сега, еве нема да го спомнам името меѓутоа кој што сега ќе ротира од министер со иницијали, еве не ги кажувам. Од тие причини не би сакал да се сваќаат работите како  некакви си партиски пазарења, како некакви си договори да се задоволат апетитите на разни коалиции само заради тоа за да избереме што треба да избереме. Во конкретниот случај нема да кажам дека станува збор за партиско пазарење затоа што предлагач е Републичкиот судски совет. Јас ја ценам работата на РСС, навистина излегоа со добар предлог, предлог кој што заслужува внимание и предлог кој што сум убеден дека ќе биде изгласан со големо мнозинство. Меѓутоа, неможеме да ги прескокнеме проблемите кои што ни стојат и за кои што треба да дискустираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кога ќе дојдат тие проблеми, ќе ги дискутираме. Сега не е точка на дневен ред да дискутираме за тие проблеми.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи, еве јас лично, а верувам дека и мојата пратеничка група на која што јас припаѓам ќе го поддржи овој предлог и мислам дека господинот Бранко Наумовски ќе ја обавува функцијата која ќе му се довери онака успешно како што ја обавуваше. И се надевам дека со неговото искуство кое го има како народен правобранител ќе придонесе особено во делот на заштитата на слободата и правата на граѓаните, затоа што тоа му е поголема стручност, ќе придонесе во работата на Уставниот суд

барем кога станува збор за онаа контролна функција каде што ние пратениците носиме закони,а Уставниот суд ни ги укинува, барем во тој дел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, оваа дилема што провејува овде дали правиме добро ако го избереме за уставен судија човекот  кој е сосема добар правобранител и кој ќе дојде после него за правобранител, дали ќе биде на тоа ниво? Мислам и ние ја имавме истата дилема и сигурно за нас е многу важно да имаме многу добар првобранител како што беше Бранко Наумовски. Меѓутоа, морам да ви кажам ние дојдовме до едно вакво уверување, Бранко Наумовски заслужи со својата работа да доживее и унапредување. Ако тој го смета унапредување изборот за уставен судија и за тоа дал согласност, сметаме дека е правилно да го избереме него. Сега дали ќе дојде некој како Бранко, или нема да дојде како Бранко Наумовски на тоа место веќе не е одговорност на Бранко Наумовски, туку тоа е одговорност на тие што ќе предлагаат и тие што ќе го изберат овде. И затоа  ние се определивме сепак да гласаме за Бранко Наумовски да го поддржиме, знаејќи едно притоа дека тој што ќе дојде на неговото место за правобранител исто толку има шанси да биде избран за уставен судија. Па сметаме дека е подобро тој да не биде избран за уставен судија, туку за правобранител да ја мине основната школа на правата на човекот што ја мина и добро ја изгради господинот Наумовски, па потоа и тој ако може да биде со такво богатство на сознанија избран за уставен судија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И јас се согласувам со вашата констатација господине Андов. Дури слушнавме и поддршка од комплетната опозиција, но имаме и пратеници кои што сакаат и лично да дадат поддршка од опозицијата.

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да не негувате некакви илузии господине Јордановски, јас нема да зборувам за поддршка. Предложениот кандидат за избор на судија на Уставниот суд на Република Македонија е директно одговорен за бирократскиот кошмар на 435 семејства во земјава. Станува збор за можеби еден од најексплоатираните случаи во големата борба на сите влади на СДСМ, почнувајќи од Црвенковски, завршувајќи со Хари Костов. Станува збор за таканаречените доделени социјални станови на 435 семејства во земјата. Бидејќи овде слушнавме многу пофални зборови за

ангажманот на господинот Наумовски во заштитата на основните човекови права, редно е господинот Наумовски како човек кој ја развиваше институцијата Народен правобранител и како човек кој ја направи воглавно сета оваа работа со поништување на тој конкурс да остане и понатаму со овие 435 семејства кои се обидуваат своите права да ги реализираат низ институциите на системот во Република Македонија. За жал, доколку помине предлогот и доколку господинот Наумоски не остане на позицијата народен правобранител со сите најави дека следниот правобранител со оглед на тоа и каква е актуелната клима без оглед дали станува збор за влада во најава, или влада во оставка, овие 435 семејства ќе бидат, иако реално земено тие се и сега далеку од остварување на нивните права барем на начин како што тие мислат дека треба да бидат остварени, ќе бидат уште подалеку. Значи, еве јас се согласувам со пратениците кои велеа досега дека господинот Наумовски се покажал на позицијата Народен правобранител и отворено му предлагам да остане на позицијата Народен правобранител и со овие 435 семејства кои повеќе од две години веќе стана како се обидуваат да го докажат своето право. Со оглед на слабоста на актуелниот, или минатиот состав на Владата нив навистина ќе им треба човек кој е вичен во својата работа. Согласен сум дека како човек кој ја развиваше институцијата Народен правобранител можеби е најдоблесно и од него и од Републичкиот судски совет и од Собранието на Република Македонија да му се овозможи на господинот Наумовски да ја заврши, ако не повеќе барем оваа работа и како Народен правобранител, секако верувам дека тој од време на време добива претставки или во рамките на неговите секојдневни обврски. Обрнувам внимание и на она што се случува во некои тековни судски процеси и третманот на одредени лица за кои е покренато обвинение, или постапките се во тек. Секако дека за него ќе има и во иднина работа. Затоа јас го кажав мојот конкретен предлог и понатаму господинот Наумовски да остане на позицијата Народен правобранител.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, во контекст на говорењето на моите колеги и поддршката кон Народниот правобранител јас тука би изнел нешто технички што апсолутно не соодветствува со она што не очекува, затоа што 82-та седница која што е прекината има точка на дневен ред каде што имаме кандидати за избори на регионални јавни правобранители, идејата на господинот јавен правобранител и заменици на јавниот правобранител каде што ние треба да ги

бираме врз основа на негов предлог, врз основа на изјави кои што тој ги донел. Знаеме дека еднаш таа одлука беше повлечена од седница на Парламентот и повторно ја добивме за жал, или за среќа во истиот состав како што беше и останува ние да ги гласаме тие заменици. Што ќе се случи со нив, која е идејата и концептот на господинот јавен правобранител, дали идниот ќе го има истиот концепт, дали ќе се реши за истите овие решенија, мислам дека тука прекинуваме една ситуација за работа која што започнала и која што е доблесно да се заврши до крај. Јас како пратеник на сите извештаи кои што јавниот правобранител ги поднел во Собранието во моите дискусии апсолутно бев на негова страна и нашите заложби беа во секој поглед да ги вклучиме сите мериторни органи во државата, значи Владата, со тоа што обврските на Јавниот правобранител би биле уште поголеми, затоа што прекршувањето на правата на граѓаните добија голем замав, така што едноставно јавниот правобранител во многу ситуации беше доведен во безизлезни ситуации, освен она што можеше тој да го сугерира до Владата и до одредени министерства кои остануваат глуви на сите тие предодредувања дека нешто се случува во државата, што не е во ред. Затоа јас предлогот на РСС апсолутно го прифаќам како човек кој што може да ја обавува функцијата во Уставниот суд. Но, она што го започнал, мислам дека самиот треба да го заврши, а после тоа кој ќе биде биран, може да биде биран, а Уставниот суд едноставно за вакви луѓе како него секогаш треба да има место, без разлика дали тоа ќе се случи сега, или за година, или две. Моето размислување е во таа насока и останувам дека една институција како што е Јавниот правобранител би требало да го добие своето право место во државата, затоа што поплаките на граѓаните завршуваат тука и нема појдовна точка таа брана да се гради кон Јавниот правобранител и тука завршуваме сите. Она што можеме последно да го направиме е токму тоа. Владата и министерствата остануваат глуви на тие побарувања и мораме како Парламент, како законодавен дом да најдеме начин како да го реализираме сето тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Денеска Републичкиот судски совет врз основа на член 105 од Уставот на Република Македонија и членот 35 од Законот за РСС ни дава предлог за избор на еден судија на Уставен суд на Република Македонија и тоа го предлага господинот Бранко Наумовски, досегашен народен правобранител на Република Македонија. Од досегашните излагања на моите колеги сметам дека не треба многу да се зборува

бидејќи неговата работа и дело кажуваат се и тоа е потврда и на досегашните мои колеги кои што зборуваа.

Јас само сакам да дадам еден мал допринос за изборот на Бранко Наумовски како член на Уставниот суд. Сметам дека господинот Бранко Наумовски беше избран како прв Народен правобранител на Република Македонија и тоа во 1995 година и тој е основачот кој што ја градеше и ја изгради институцијата Народен правобранител на Република Македонија соодветно на европските стандарди. За неговата работа и работата на институцијата во која што работеше и ние овде како пратеници имаме расправано преку неговите годишни извештаи кои што беа позитивно оценети. Со својата работа тој докажа дека неговите високи стручни и работни квалитети како и негово високо професионално однесување во работењето и во извршувањето на функцијата кој ја обавуваше досега, а и на претходните негови функции според мене е доволна гаранција дека господинот Наумовски успешно, стручно, одговорно и совесно ќе ја извршува функцијата судија на Уставниот суд на Република Македонија. Јас како пратеник давам целосна поддршка и ќе гласам за овој негов избор и му пожелувам многу успех како во досегашната работа, така и во работењето во Уставниот суд, а сметаме дека и парламентарното мнозинство ќе гласа за овој предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас очекував на оваа седница заедно со предлогот за избор на член на Уставниот суд, за судија на Уставниот суд да имаме на дневен ред и предлог за именување на Народен правобранител на Република Македонија и на тој начин ќе бевме доследни по однос на она прашање кое што се однесува и на избор на потпретседател на Собранието. Меѓутоа, се гледа дека постојат различни аршини за овие работи, затоа што со пополнувањето на местото судија на Уставниот суд на Република Македонија по предлог на РСС кој за волја на вистината еден подолг временски период не најде време да даде предлог за именување на член на Уставниот суд. Основна поента која што се наметнува во ова Собрание е дека самиот момент кој што е избран за предлагање на член на Уставнито суд не е поттикнат од неопходноста за подобро функционирање на Уставниот суд, туку од неопходноста за ослободување на местото Народен правобранител за некој друг. Ова може да се потврди и со тоа имавме и порано еден случај кога член на Уставниот суд по само кратко време од неговиот избор за член на Уставниот суд

подоцна стана министер, а сега неговото име истовремено се споменува и како кандидат за местото Народен првобранител што значи дека има логика ова што го зборувам. Меѓутоа, кадровските комбинаторики кои што ги прави владеачката коалиција..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, истиот коментар и забелешка што ја дадов кога зборуваше господинот Караџоски, сега ја упатувам на вас. Станува збор за избор на конкретна личност, а не станува збор за работата на Уставниот суд, за комбинаториките на влада. Тоа кога ќе дојде на дневен ред тогаш ќе расправаме. Ве молам немојте да деградирате толку убави зборови кажани, да ја деградирате сега оваа атмосфера и расправа.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Убавите зборови не се лоша работа, меѓутоа и вистината некогаш е добра работа да се слушне. Затоа сакав да кажам во однос на приоритетите што ги има РСС со предлагањето во овој момент на кандидат за член на Уставниот суд, а од друга страна потребата за зголемување на степенот на почитување на човековите права и слободи во Република Македонија кое што сега се појавува како потреба, затоа што се ослободува местото народен прзвобранител кое што навистина претставува една многу битна институција која што ќе се грижи за почитувањето на човековите права и слободи во Република Македонија и континуираното нејзино обавување исто така е многу битен момент за реализација на тие цели. Навистина е излишно да се зборува за кандидатот, затоа што за него се спомнаа многу работи во однос на неговата досегашна работа, ние добивме и биографија од која што се гледа неговиот ангажман и апсолутно не ми е целта да зборувам за личноста на кандидатот и неговиот работен ангажман, туку основниот момент е зошто се спречува неговиот повторен избор за Народен правобранител.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Стојановски тоа е единствена тема за оваа точка, се зборува за кандидатот. Друго ништо.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседтеле, сите претходни дискутанти зборуваа за неговата работа како Народен правобранител и потребата од неговиот иден ангажман како Народен правобранител со оглед на неговата досегашна активност. Ако некој има привилегирано право да зборува, а некој нема такво привилегирано право да

зборува, тогаш покажете ја вашата принципиелност за која што ве слушав синоќа зборувавте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се зборуваше за работата на господинот Наумовски како Народен првобранител. Повелете, па ќе ви кажам каде грешите.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, дилемата која што во овој момент се појавува, основната дилема претставува следното. Доколку РСС односно власта која што стои зад неговиот избор смета дека кандидатот успешно и квалитетно ја вршел својата досегашна функција Народен правобранител на Република Македонија тогаш основното прашање е зошто со предлагањето на господинот Бранко Наумовски за член на Уставниот суд го оневозможува неговиот повторен избор за Народен правобранител на Република Македонија, бидејќи претходно квалитетно и успешно ја вршел и ја обавувал таа функција.

И, нормално е навлезен во таа проблематика, која што е исклучително значајна област, не само за Република Македонија, меѓутоа, во Република Македонија во овој момент тоа е многу евидентно. Или обратно, до колку предлагачот смета дека кандидатот не успешно или не квалитетно ја вршел функцијата народен правобранител, тогаш како смета дека сега успешно и квалитетно ќе ја врши функцијата судија на Уставниот суд на Република Македонија. Овие се оние дилеми кои што директно се однесуваат како неопходност да се расчистат за да се донесе една правилна одлука, со цел ние да можеме да изградиме виситнски став кон ова кадровско решение кое што се предлага. Апсолутно не е спорно дека г-динот Наумовски може да ја врши функцијата судија на Уставниот суд. Тоа е јасно и гласно кажано и тоаа воопшто не е нешто што сакам да го проблематизирам, меѓутоа проблематизирањето е зошто на овој начин се прават кадровски комбинаторики и во една насока се поставува како приоритетно и поважно почитувањето или функционирањето на Уставниот суд и преку тоа почитувањето на принципот на уставност и законитост за кои што тој треба да се грижи, а од друга страна се ослободува функцијата народен правобранител и на тој начин се става како помалку приоритетно почитувањето на човековите права и слободи, што претставува исто така многу значаен принцип за функционирањето на судството во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, сваќате зошто ве прекинувам, бидејки вие отворате некоја проблематика која што не е на дневен ред. Кога ќе дојде предлогот за народен правобранител, тогаш можеме да дискутираме за квалитетот, а сега зборуваме за Уставен суд.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ние зборуваме за ослободувањето на местото со изборот. Мислам дека тоа е логична последица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не станува збор за местото на дневниот ред дали се ослободува нили не, туку дали г-динот Брако Наумовски е соодветен за оваа функција за која се предлага. Мислам дека тука и кај вас постои соодветна едногласност.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Добро, сето тоа го кажав претходно, не сакам да се повторувам, само сакам да истакнам на крајот дека сето ова што се случува не претставува ништо друго, туку потреба за ослободување на функционерското место народен правобранител со заменвуање на некој друг, со избор на член на Уставен суд, кој апсолутно како личност не можам да речам ништо лошо.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Софрониевска, сакате да одговорите на некои дилеми?

ЛЕНЧЕ СОФРОНИЕВСКА

Јас само најнајкратко. Бидејки, беше спомнато дека Републичкиот судски совет подолг период не даде предлог за судија на Уставниот суд од незнам кои причини и зошто така ги коментира г-динот пратеник , само сакам да потсетам, заради јавноста.  Предлогот на судија во Уставниот суд во Републичкиот судски совет се утврдува со двотретинско мнозинство. До пред само еден месец, нема ни месец дена, Републичкиот судски совет дојде да функционира во полн состав, бидејки пред неполн месец се избрани и двајцата последни членови на Републичкиот судски совет. Значи, тоа била единствената причина. Зошто ова толку значајно место во цел еден период од една година не било пополнувао. Значи, не сме имале можност.

Втора работа, заради методологијата на работа на Републичкиот судски совет, кандидатот што се предлага прво се консултира. Се зема негова согласност, па потоа се предлага.

Трето, во однос на квалитетите на предложениот кандидат, бидјеки немаше никакви забелешки и беше, барем во досегашните дискусии, прифатен од пратениците и им благодарам затоа што ни укажаа дека добар кандидат сме предложиле.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Стојаовски се јави за реплика, три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Тоа сакав јас да го кажам дека некомплетирањето на Републичкиот судски совет не е обврска на Републичкиот судски совет, затоа што согласно Уставот се знае кој е тој што ги предлага кандидатите за членови на Републичкиот судски совет. Таква можност ние како Парламент имавме овде да избираме, меѓутоа, на неколку наврати владеачкото мнозинство не ги избра тие кандидати, па потоа наеднаш по изборот на новиот претседател на Република Македонија тие кандидати беа избрани многу брзо. Затоа, јас зборував дека одговорноста не е до Републичкиот судски совет, туку е до владеачкото мнозинство, кое што го диктира работењето на Републичкиот судски совет, а сега со ослободувањето на функцијата народен правобранител и понатамошното функционирање на таа функција по изборот на новиот правобранител на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки, никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, ве потсетувам дека судија на Уставниот суд на Република Македонија се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, значи 61 пратеник.

Предлогот Бранко Наумовски да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, 74 пратеници гласале за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека Бранко Наумовски е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Го молам господинот Бранко Наумовски да даде свечена изјава.

Ве повикувам сите да станеме.

Го молам г-динот Бранко Наумовски да го повторува по мене текстот на свечената изјава.

"Изјавувам дека функцијата судија на Уставниот суд на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија".

Го молам г-динот Бранко Наумовски да ја потпише свечената изјава.

(Господинот Бранко Наумовски ја потпишува свечената изјава).

(Аплауз).

На г-динот Бранко Наумовски му го честитам изборот и му посакувам успех во работата.

Согласно член 111 од Уставот на Република Македонија функцијата судија на Уставниот суд е неспоива со вршење друга јавна функција и професија или со членување во политичка партија.

Констатирам дека на г-динот Бранко Наумовски му престанува функцијата Народен правобранител.

Процедурално се јави г-динот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе, врз основа на член 74 каде што е точно наведено дека во текот на седницата по предлог на претседателот на Собранието или по предлог од 10 пратеници, Собранието без претрес може да одлучи да се извршат измени во редоследот на претресот по одделни прашања.

Барам оддршка од десет пратеници точките 16 и 17 да станат точка 2 и точка 3 на денешниов дневен ред, од проста причина што сметам дека ние како Парламент треба да водиме сметка, она што се однесува до избор, во овој случај, на потпретседател или разрешување и избор на потпретседател навистина треба да има предност пред другите точки. Почекавме да избереме судија на Уставен суд, меѓутоа, барам подршка да имаме промена на денешниов дневен ред.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали можам да ја видам таа подршка?

Постои повеќе од 10 пратеници.

Го ставам предлогот на гласање, точката 16 и точката 17 да се разгледуваат сега како точка 2 и точка 3.

Ве молам да гласаме?

Гласале 71 пратеник, 59 пратеници гласале за, нема воздржани, 12 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Повелете г-дине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, со оглед на тоа што дневниот ред го утврдивме пред два часа од прилика, значи сега повторно се менува и ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ бараме пауза од 15 минути, за да го усогласиме ставот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Коце Трајановски, вие искористивте една пауза.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Тоа не е во ред, не може секој час да го менувате дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, да дојдеше и по ред, вие веќе се спремивте за дискусија за оваа точка денес, ќе дојдеше.

**Минуваме на точка 16 - Предлог за разрешување на потпретседател на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата, ви е доставен.

Согласно член 112 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, одредбите на овој Деловник што се однесуваат на постапката за избор потпретседател на Собранието, се применуваат и во постаката за разрешување на потпретседател на Собранието.

Собранието разрешува потпретседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Караџоски, процедурално да ми кажете прво во што е згрешена процедурата. Во кој член процедурата и Деловникот е прекршен.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседател, и член да ви кажам тоа нема многу да помогне. Сега ќе ви кажам каде ја згрешивте процедурата, а членот ќе си го побарате сами.

Кога координатор на пратеничка група бара пауза во Деловникот пишува дека претседателот на Собранието е должен да даде пауза. Е, паузата може да трае најмногу еден час. Значи ние добивме 15 минути пауза и не гледам како вие ги

толкувате овие одредби од Деловникот. Значи, до еден час можеме да бараме пауза и не гледам зошто барате објаснување кога координаторот бара. Затоа што, ако тоа го побараше мнозинството, тогаш немаше да правите проблем. Дозволете да завршам. Не ја гледам причината заради која што правите проблем. Сигурно дека како пратеничка група имаме потреба да се консултираме, заради тоа што мислевме дека оваа точка ќе биде после пауза за ручек. И, што е проблем ако дадете 15 минути пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски, господинот Коце Трајановски не побара пауза.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Побара, како не побара?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали можам да завршам. Со друго објаснување кое што не го даде при првиот пат кога побара пауза. Објаснувањето е исто и сметав дека со тоа објаснување веќе е апсолвирана таа потреба.

Ако имате потреба од пауза, повелете половина час пауза ви е доволна да се консултирате и онаа половина час пауза претходно што ја имавте, тоа е еден час пауза.

(Пауза од 30 минути).

(По паузата седницата продолжи во 12,30 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Кралевски имате збор.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе,

Денеска во најмала рака, мислев дека колешките пратенички, или т.н. женско лоби во овој парламент ќе бидат против разрешување на една г-ѓа и истовремено ќе бидат против изборот на друг господин на функцијата потретседател на Собранието на Република Македонија на една иста седница. Меѓутоа, за жал, т.н. женско лоби денеска разочара. Што да се каже после ова. Најпрвин, што веднаш паѓа во очи е дека предлогот за разрешување нема образложение. Во Предлог одлуката на Комисијата за избор и именувања, која патем речено е донесена без гласовите на пратениците на опозицијата кои беа против, второ стои дека тоа било предлог на пратеничката гурпа на ЛДП. Овој случај на разрешување на г-ѓата Лилјана Поповска е без преседан. Не баре се менува член, или заменик член на некоја комисија во

Собранието. Како да не се работи за потпретседател на Собранието на Република Македонија , која според Уставот во одредена ситуација може да ја врши функцијата претседател на државата , со сите негови надлежности и ингеренции.

Ова значи дека по извршениот избор на г-ѓата Лилјана Поповска за потпретседател на Собранието на Република Македонија, нејзиното разрешување не е веќе работа на пратеничката група на ЛДП, но тоа е прашање на сите пратеници на ова Собрание, па ако сакате и на граѓаните на Република Македонија.

Следејќи ја оваа логика , како и општата констатација дека г-ѓата Лилјана Поповска коректно ја обавуваше оваа функција и во ништо не се огреши кон Уставот и законите на Република Македонија, ми останува да заклучам дека разрешувањето на г-ѓа Лилјана Поповска од функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија следи како казна за нејзиниот принципиелен став и позитивно изјаснување по однос на референдумот, односно референдумското прашање , кое беше во спротивност, со дијаметрална спротивност со кампањата што сесрдно ја водеше СДСМ и нејзината партија од која потекнува г-ѓата Лилјана Поповска, ЛДП.

На крајот, ќе заклучам. На ваков начин се деградира со Устав загарантираното право на пратеникот на сопствен став и мислење по однос на одредени политички прашања. И ако не дај боже тој став отстапува од нечија непринципиелна и недемократска директива, следи казна разрешување од функција , а граѓаните што велат кога вакво нешто ќе го снајде потпретседателот на Собранието, што останува за нас условно речено обичните граѓани, заклучете сами.

Почитувани колеги, ја казнувате со разрешување колешката Лилјана Поповска само затоа што сакаше да успее референдумот во Република Македонија и да се поништи законот со кој Република Македонија се подели по етничка основа. После се, се прашувам каде одиш Македонијо? Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова , а нека се подготви пратеникот Марија Којзеклиска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Благодарам г-дине претседателе,

Почитувани колеги, многу пати досега во работата на овој Парламентарен состав видовме дека парламентарното мнозинство преку механизмот на надгласување ги наруши основните принципи и на демократијата воопшто и на парламентарната демократија.

Не би сакала да навлегувам во внатре партиските пресметки на ЛДП, бидејќи тоа апсолутно не ме засега, но сепак, кога имаме предлог за разрешување на потпретседател на Собранието на Република Македонија , во најмала рака би требало да ги слушнеме причините, заради кој е даден овој предлог за разрешување на вака значајна државна функција. Дали станува збор за недоследност, за непрофесионалност, некоректност во извршувањето на оваа функција од страна на г-ѓата Лилјана Поповска.

Јас навистина би била многу кратка во своето излагање, бидејќо едноставно, нема што повеќе да се коментира, бидејќи причините за нејзиното разрешување се повеќе од јасни и повторно ќе кажам нема да навлегувам, но би сакала да потенцирам дека со разрешувањето на г-ѓата Лилјана Поповска од потпретседател на Собранието на Република Македонија нема да изгуби ЛДП, но во секој случај, ќе изгуби Собранието на Република Македонија и ќе изгуби воопшто, демократијата во Република Македонија.

На крајот од моето како што кажав кратко излагање, дозволете ми г-ѓо потпретседател, г-ѓо Поповска јавно да ви го искажам моето признание за начинот на кој го водевте ова Собрание од функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија, да го искажам моето јавно признание за вашата професионалност, принципелност и коректност во работата, бидејќи кога дискусиите на пратениците доаѓаа до точката на вриење , со вашата професионалност и такт, знаевте да ги смирите дискусиите и повторно седниците да го добијат текот каков што доликува и доликува на дигнитетот на еден ваков законодавен дом.

Ѓ-ѓо Поповска, сакам на крајот да кажам дека навистина ми беше чест и привилегија, што во текот на мојот мандат како пратеник во Собранието на Република Македонија ја обвавував оваа функција додека вие бевте потпретседател на Собранието на Република Македонија.  Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овдека има пријавено после излагањето на г=ѓа Самоиловска голем број пратеници.

Дали има некој за реплика?

Повелете г-дине Жерновски имате три минути реплика.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Имам реплика до актуелниот потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ . Мене ми е сосема јасно дека опозицијата ќе ја искористи, односно да не речам злоупотреби

оваа тема да си ги искаже своите ставови, но сакам граѓаните да ги потсетам кој е тој што дискутираше сега односно на кој што јас дискутирам, односно реплицирам.

Да не заборавиме почитувана колешке дека вие на оваа тема за своите размислувања за пратениците имате едно убаво досие во ВМРО-ДПМНЕ. Да почнеме од поблидското минато. Ќе зборувам само за пратнеици, нема да зборувам за панорама итн. Во поблиското минато тие пратеници што не размислуваа како ВМРО-ДПМНЕ им ги опколивте куќите и пукавте во тие пратеници кои што не размислуваа како вас. За цело тоа време им беше дадена наредба до Министерството за внатрешни работи да не се меша во таа акција, спонтано во наводници на вашите членови. И тоа беа нападнати пратеници во нивните куќи, кога тие беа дома со фамилиите. И знаете дека се пукаше во нив. Да дојдеме до поблиската, она што се нарекува сегашност. Вие како потпретседател исклучивте член од партија кој што е член на овој Парламент. Лилјана Поповска никој не ја исклчува од партијата. Впрочем, според статутот на ЛДП, тоа не е ни возможно. Вие исклучивте од партија пратеник од вашата пратеничка група.

Второ, вие впрочем во овој Парламент имате две ВМРО-ДПМНЕ, затоа што една група размислува поинаку од вас, почитувана колешке. Токму затоа што пратениците имаат поинакво размислување. Сакам да ви кажам на крајот, за да не должам и ова го реплицирам до вас и важи за сите пратнеички групи. Граѓаните знаат што правеше ВМРО-ДПМНЕ со оние што не размислуваа исто во врска со прашањето на раководството. Никој не се собра пред куќата на Лилјана Поповска. Никојн не ја критикуваше , никој не пукаше во неа. Ниту тоа може да го замисли ЛДП на тој начин да критикува некој пратеник.

Второ, јас би ве замолил да знаете една работа. Таа и понатаму останува во пратеничката група. Таа никој нема да ја ислучи. Тоа се манири на вашата политичка партија, г-ѓо потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута г-ѓо Сасмоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Иако сметам дека репликата на г-динот Жерновски не заслужува контрареплика, откако ни ги изелаборира состојбите во  ВМРО-ДПМНЕ, ќе беше убаво и ќе беше навистина достоинствено да ни ги образложи причините на овој начин , заради кои се бара разрешување на г-ѓата Лилјана Поповска од функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија , а овој предлог не го

удостоија, Собранието на Република Македонија да му дадат објаснување и образложение зошто г-ѓата Лилјана Поповска се разрешува од оваа функција. Со тоа гледа начинот на кој се третираат пратениците на Собранието на Република Македонија и воопшто македонската јавност. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Којзеклиска, а потоа има збор пратеникот Каролина Ристова.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе, искрено да ви кажам сакам остро да протестирам против предлогот  магистар Лилјана Поповска да се разреши од функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија и тоа најмалку од две причини.

Првата причина , образложението на одлуката на Комисијата за иабор и именување со шест реченици вели вака: “ Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 2 декември 2004 година, имајќи го во предвид Предлогот на пратеничката група на ЛДП, со мнозинство гласови утврди предлог за разрешување на потпретседател на Собранието на Република Македонија и му предлага на Собранието на Република Македонија , овој предлог да го разгледа на седницата закажана за 6 декември 2004 година”.

Значи ние разрешуваме функционер во државата, потпретседател на Собранието на Република Македонија за кој во Деловникот, почитуван претседателе во членовите од 20 до 26, постои посебна процедура избор на претседател и потпретседатели на Собранието. Значи самата функција потпретседател на Собранието на Република Македонија си има своја тежина. Ние со пет реда , неможеме да кажеме , иако е предлог, јас се согласувам дека Лилјана Поповска беше предлог на ЛДП за потпретседател на Собранието, меѓутоа, ако веќе го разрешуваме функционерот, мора да има определени причини: нестручност, несовесно ја вршела својата функција. Граѓаните на Република Македонија се сведоци за начинот на водењето на седниците на г-ѓа Лилјана Поповска и сите други активности кои ги имаше како потпретседател. Тоа е во еден дел во однос на разрешувањето на г-ѓа Лилјана Поповска.

Втората работа ја начна колегата Чедомир Кралевски, е нејзиното, или всушност нашето постојано потенцирање независно која делегација каде оди ,

меѓутоа, ние секаде потенцираме дека во Република Македонија во овој состав на Парламентот има 21 пратеник од женски пол, дека потпретседател на Собранието ни е личност од женски пол. Значи функцијата и учеството на жените во политиката, како олицетворение се наоѓаше и во магистар Лилјана Поповска. Сите го знаеме нејзиното ангажирање, не само во Парламентот, меќутоа, и во сите останати сегменти од живеењето. Пред се, со невладините организации и она што го има г-ѓа Лилјана Попвска како континуитет со години station наназад.

Од овие две причини, апелирам до пратениците во Собранието на Република Македонија добро да размислат, дали ние на овој начин треба да ја разрешиме потпретседателката на Собранието, значи да го разрешиме функционерот во Собрание на Република Македонија од функцијата и дали г-ѓа Лилјана Поповска заслужува да биде разрешена со пет реда образложение со оглед на нејзиниот ангажман во Собранието на Република Македонија. ЛДП апсолутно не ме засега и нивната внатре партиска работа, јас овде зборувам за функционер во правниот систем на Република Македонија . И уште еднаш потенцирам и апелирам до колегите пратеници, а посебно од нашите колешки од клубот на парламентарките, кој знаете дека активно работи , претседател на Клубот е г-ѓа Елеонора Петрова-Митевска , да гласаат против предлогот за разрешување на магистар Лилјана Поповска од местото потпретседател на Собранието на Република Македонија . Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Ристова, а потоа за збор се јави г-динот Андов.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Ви благодарам г-дине претседател,

Почитувани колешки и колеги пратнеици, мојот основен мотив да се јавам за дискусија не само да го образложам мојот став, туку затоа што мислам дека станува збор за едно прашање кое што е нов преседан во Македонската парламентарна демократија и мислам дека дискусиите кои што се поведоа околу целото ова прашање не се водат на вистинскиот начин, односно барем не се изложуваат сите аспекти за она што е дневен ред, а тоа е политичка одговорност на еден собраниски функционер, во случајот потпретседателката на Собранието г-ѓа Лилјана Поповска.

Колегата пратеник Чедомир Кралевски кажа дека не му е јасно зошто се разрешува од аспект на аргујментацијата дека таа својата функција ја вршела совесно и стручно . Никој иницијативата за разрешување на потпретседателката на Собранието не ја прави од мотив затоа што смета дека таа функцијата во делот на

она што значи потпретседател на Собранието не ја вршела како што треба. Мислам дека повеќето пратеници ќе се согласат дека ја вршеше многу добро.

Овде станува збор, значи не станува збор за тој аспект на политичката одговорност на функционерот, тука мислам дека ќе се согласиме, туку станува збор за друг аспект на политичка одговорност што г-ѓата Лилјана Поповска ја има , а таа е пред се во случајот пред Парламентарното мнозинство.

На ова посебно ќе се задржам  затоа што имам чувство и во јавноста се форсира, па дури и меѓу некои пратнеици дека станува збор за некакво казнување, или замолчување итн. дури јас пи ист основ присуствував на расправата на Комисијата за иабор и именвуање . Се избегнуваше да се каже јасно и гласно причината. Јас ќе кажам овде како јас ја сваќам причината и тоа многу јасно и гласно, а тоа е според мене, јас ќе гласам за разрешување на г-ѓата пратеник Лилјана Поповска од функцијата потпретседател заради суштинско несогласување и непочитување на политичката платформа на владеачкото мнозинство, владино и парламентарно кое што беше изразено преку еден суштински комплетен проект од владината и парламентарната платформа, а тоа е законот за територијалната организација, што земенои поопширно значи спроведување на платформата на Рамковниот договор кој што и на избори беше и нагласено дека ова владеачко мнозинство ќе ја спроведува. А политичка одговорност се сноси и за такви прашања.

Уште повеќе за мене мотив претставува тоа што во јавноста во различни интервјуа, особено во текот на референдумската кампања со потпретседателот на Собранието Лилјана Поповска кажуваше аргументација, парафирзирам, не знам дали ќе ги погодам зборовите, дека јас, во нејзиното гласање против Законот за територијалната организација таа велеше, јас се водам од државните и националните интереси и секако секој граѓанин, вклучувајќи се и јас, и како пратеник и како граѓанин, го заклучив спротивното, дека се кажува, дека парламентарното мнозинство не се води од националните и државните интереси, во гласањето односно овој закон. Барем, да кажеше, дека јас и парламентарното мнозинство на кое што му припаѓам имаме различно толкување, за тоа, што е државниот и националниот интерес.

Во таква ситуација, јас искрено очекував дека госпоѓата потпретседател, штом смета дека ние, на некој начин, ги предаваме државните и националните интереси спрема политиката законодавна, што ја водиме овде, сега ќе се дистанцира преку давање оставка од функцијата. Бидејќи парламентарното мнозинство во избирањето на своите парламентарни функционери, во случајов

претседателот и потпретседателот на некој начин ја персонифицира политиката на тоа парламентарно мнозинство што е во еден мандат на пратеничкиот состав.

Затоа, јас се прашував зошто ако навистина госпоѓата потпретседател Лилјана Поповска, веруваше дека ние сме далеку забраздени во непочитувањето на државните и национални интереси на Македонија, не се дистанцираше од нас преку своја оставка.

Мене искрено многу ми е жал што таа не го примени тој начин на манифестирање на политичка одговорност, туку ја доведе својата пратеничка група и својата партија во ваква ситуација.

Сега ќе кажам нешто, споредбено, еве еден пример, затоа што реков дека ова е новитет кај нас и дури мислам, и имам впечаток, дека се проблематизираат некои аспекти на политичка одговорност, што секаде е нешто нормално. Еве, ќе го спомнам примерот, најнов, од Британскиот парламент, а тоа функционира насекаде низ Европа така, покрај примерите од министрите на Владата на премиерот Блер, како што се Робин Кук и Флер Шот кој што своите несогласувања на политиката на парламентарното мнозинство за праќање на трупи во Ирак, а го изразија со оставки на Владата, сега на едно студиско патување што бевме група на претседатели низ комисии и каде што го покренавме овој пример, кога на разговор го имавме координаторот на пратеничката група на конзервативците, значи, кога го изнесовме овој пример, тој кажа: “Јас исто така се најдов во една иста ситуација кога мојата партија односно пратеничка група, значи пратеничката група на конзервативците, ја поддржа политиката на Владата на Блер по однос на Ирак, јас како координатор на опозицијата поднесов оставка заради тоа несогласување.”

Сакам да кажам дека прашањето на различното политичко мислење и прашањето на индивидуалната и колективната политичка одговорност се изразува и преку давање на оставка за таквото несогласување. Јас не зборувам за прашања на редица на закони кои што не се толку битни за главната суштина за владината и парламентарна програма на една власт. Ние секојдневно, овде во Парламентот, секој како пратеник, се наоѓаме во ситуации кога и сме гласале, и не сме се согласувале со одредени било владини проекти, било проекти на одредени пратеници. Има начини како тоа го разрешуваме, има ситуации кога тоа дури и во јавноста не се ни забележува, јас еве можам да кажам дека сум гласала и против она што мнозинството од мојата пратеничка група гласала, меѓутоа за оние што се

суштински за платформата на пратеничката група и воопшто на владиното мнозинство, тогаш има процедури како доаѓате до издвоено гласање.

Ние имавме една таква процедура согласно со Деловникот за работа на нашата пратеничка група, за пратеничката Цветле Јаневска, кога беше истиот овој закон. Меѓутоа, ако сакате надвор од тие правила, тогаш, својата индивидуална постапка како што кажав ја манифестирате и по пат на оставка.

Сега, да се вратам, конкретно кај нас, мислам дека има конкретни стандарди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Ристевска, имате уште две минути, потоа ќе правиме пауза, од 13,00 часот.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Во ред.

Имаме правени двојни стандарди, затоа што ако беше обратно, ако референдумот беше успешен, сите ќе бараа, а и веќе претходно се бараше оставка, од Владата, се бараше распуштање од Собранието, се бараше избори итн. Значи, ако беше успешен референдумот тогаш имаше оставка за власта во потесна смисла. Меѓутоа, очигледно не се сфаќа концептот на одговорност кога станува збор за поединец или за опозицијата во потесна или во поширока смисла на зборот.

Концептот на политичка одговорност важи во сите ситуации. Сите ние одговараме за нашите постапки. Значи, да појаснам, не станува збор ниту за казна, ниту замолчувања, впрочем, вие исто така многу често синхронизирано гласате против она што гласа парламентарното мнозинство, значи и кај вас има координација и договарање околу гласањето. А, кога тоа не функционира, станува збор за дисфункционалност, кога зборувавме за Предлогот на законот за трансфер на пратениците. Тоа не е убава појава зошто ефикасноста на една политика е дел од легитимитетот на таа политика.

Што се однесува до женското лоби, женското лоби ќе се активираше доколку госпоѓата потпретседател се разрешуваше, имаше некаков индикатор дека се разрешуваше по основ на тоа што е жена. Инаку, мене би ми било мило Либерално демократската партија да дадеше против кандидат жена, меѓутоа само во таква ситуација ќе може да зборуваме дали станува збор за дискриминација или не, а дури тогаш другото важи, без оглед дали политичарот е маж или жена.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(Дел од пратениците бараат реплика).

Репликите, по паузата.

Паузата започна во 13,00 часот.

(по паузата седницата продолжи во 13,57 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Колешке Ристова, слушајќи ве како говорите мислев дека се наоѓам на 13 конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија и дефинитивно комунизмот останува во вашите редови. Според она што го кажувате суспендирајте тогаш се што мисли и понатаму дигајте само два прста кога нема да работи техниката или помодерно притискајте на зеленото копче за се и сешто, чекајте ја историјата да ви каже дека сте грешеле и тоа катастрофално и дека сте гласале против интересите на македонскиот народ и држава , затоа што сега не го слушате гласот на народот. Кажувате дека имало моменти кога г-ѓата потпретседател требало да си даде оставка. Оставката ја најави г-динот премиер Хари Костов во случај ако референдумот успее. За жал, тој не успеа, но г-динот Хари Костов си даде оставка. И се е тоа за среќа затоа што се што кажувате, работите обратно. И сега осудувате некого што апсолутно застанал на страната на народот. И покрај неуспешноста во моментот немаме Влада. Вие бевте едни од најгласните гласноговорници во однос на женските права 30% во горниот дел, 30% во долниот дел , но сега не слушнав да кажете апсолутно ништо каде се наоѓате вие во тие 30%, или ги избришавте комплетно и во горниот и во долниот дел. А за г-ѓата потпретседател јас можам да кажам само неколку работи. Работевме заеднички на повеќе проекти, посебно на проектите кои што се однесуваат за лицата со посебен интерес и како претседател на тоа парламентарно здружение во кое што многу од вас без разлика дали се машки или женски пол учествуваат, мислам дека и понатаму ќе треба да соработуваме и да ја имаме максималната подршка од сите нас.

Исто стојам и со г-динот Чедо Кралевски дека и покрај тоа што сме дошле во ситуации и да се расправаме како пратеници од позиција и опозиција , во секој случај мислам дека не се огрешила во однос на законите и Уставот и она што го

работела, работела на тоа за смирување на тензиите во овој парламент. Затоа очекував дека вие ќе искажете аргументи. Вие не кажавте ништо. Кажавте дека слободномислечките луѓе едноставно немаат место во вашите редови и треба да бидат надвор од она што значи власт и она што треба да се кажува за македонскиот народ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една работа не ми е јасна, зошто спомнавте 13-ти, а не 14-ти конгрес?

За контра реплика се јави г-ѓа Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Г-дине Мавровски ако внимателно ја следевте мојата дискусија токму тоа беше поентата, секој слободно мислечки граѓанин вклучително и пратеник сноси одговорност за своите постапки и ставови кои што ги зазема согласно со правилата на парламентарната демократија. А гласањето на граѓаните на референдумот требаше за г-ѓата потпретседател Поповска да биде уште една причина за оставка. Такви се и споредбените искуства за сваќањето на политичката одговорност.

А што се однесува до дигањето со два прста,барем вие знаете дека и вие како опозиција дигате два прста за еден синхронизиран став што како опозиција сте го изградиле и незнам зошто го користите како оружје против нас.

Ставот за дискриминацијата уште еднаш да повторам, не ги извртувајте работите. Овде не станува збор за дискриминација по пол, туку станува збор за одговорност за политички став што важи подеднакво и за мажите и за жените.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На почитуваната колешка, бидејќи слушавме многу кажувања од она што се случува во светот и во парламентарна демократија на Запад, мислам дека ние направивме една фабричка грешка, затоа што не дозволивме во нашиот парламент да имаме фракција во самите политички партии. И сигурно дека како доаѓа времето ќе заживее. Она што еве, како генерална забелешка, а не слушнавме дали е тоа така со аргументи, дали госпоѓата Поповска го почитувала, или го применувала и го практикувала Уставот и законите, тоа не слушнавме.

Сега се наметнува еднодруго прашање.Еве, директно би ја прашал колешката, што ќе направиме со г-динот Тито Петковски бидејќи и тој гласаше. Дали г-динот Тито Петковски сега ќе го избркате од вашите редови или ќе го казните. Како вие сега ќе изреагирате, како вие ќе постапите?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контрареплика, повелете г-ѓа Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Повторно ќе ве вратам на содржината на мојата дискусија. Работата беше што госпоѓата Лилјана Поповска водеше јавна кампања против Законот за територијалната организација, а исто така и тоа како потпретседател на Собранието на Република Македонија, односно како човек кој што го персонифицира парламентарното мнозинство и политиката на тоа парламентарно мнозинство и политиката на тоа парламентарно мнозинсво. Станува збор за сосема различни позиции. А чувството на г-динот Петковски и неговото сваќање за политичка одговорност го оставаме на нив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, госпоѓа Којзеклиска три минути. Сега имате можност да кажете а не, да дофрлувате од место.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам, претседателе. Иако немаше потреба од оваа забелешка, меѓутоа, научени сме на вашите коментари. И преку тоа ќе поминеме како што поминавме и преку многу други работи.

Да се вратам на репликата на колешката. Значи, ние овде зборуваме за разрешување, предлог од политичката партија која е позиција ЛДП за разрешување на м-р Лилјана Поповска од функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија. Јас не разбрав од досегашните дискусии, ниту од координаторот на пратеничката група, ниту од колешката Каролина Ристова, дали воопшто со госпоѓа Лилјана Поповска претходно е разговарано во однос на тоа што и се зема на неа за грев,бидејќи факт е дека и се зема за грев и што доведува до разрешување од функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија. Можеби ако се разговарало госпоѓа Лилјана Поповска исто како премиерот Хари Костов не можејќи да се справи со корупцијата и криминалот па си даде оставка. Можеби и г-ѓата Лилјана Поповска сама ќе си дадеше оставка од функцијата, ако и укажеше некој дека таа има, или носи политичка одговорност за нејзините ставови. Не се согласувам со колешката Каролин Ристова дека госпоѓа Лилјана Поповска водеше јавна кампања за референдумот, тоа го правеше СДСМ и ЛДП, значи тој став да го анулираме, не постои. И уште една споредба, кога веќе колешката Каролина Ристова ги споредува искуствата  од европските парламенти, каква политичка одговорност сега ќе носи господинот претседател на Европската

комисија г-динот Баросо кога вели дека Европската Унија ќе се распадне. Кој ќе бара од него политичка одговорност? Се работи за Европска Унија и претседател на Европската комисија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За контрареплика се јави Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Репликата на госпоѓата пратеник Којзеклиска само ми даде прилика за уште еден пример да изнесам. Инаку ако се сеќавате кога се формираше Кабинетот, односно Комисијата составот на г-динот Баросо имаше еден од предложените коментари кој што изрази многу понижувачки став во однос на хомосексуалците и за позицијата на жените. За таквата разлика на мислења целата комисија мораше да биде повлечена. Значи не станува збор ниту за едноумие, туку за одредени стандарди на одредена политика која што Комисијата требаше да ја профилира а која што не му се допадна на парламентарното мнозинство во Европскиот парламент. Затоа да не ги извртуваме работите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Можеби ќе беше во ред, ако ова теориско и компаративно образлагање на причините за разрешување на госпоѓата Лилјана Поповска од страна Каролина Ристова беа по прашањето, дали разидувањето дошло дали да се гласа позитивно или негативно на референдумското прашање, а не по однос на прашањето дали воопшто да се излезе на референдумот. Сметам дека да се правда разидувањето по однос на ваков различен став во однос на партијата и коалицијата е неморално, или непримерно, бидејќи на крајот и самата кажа дека подлабоки се разидувањата, разидувањата се однесуваат на едно комплексно прашање а тоа е националниот и државниот интерес на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Сега еве пак се наоѓаме пред една изнасилена задача да правиме промени во составот на потпретседателите. Во Македонија многу брзо ги менуваме по разни

основи луѓето и кога бива и кога не бива. Еве, за малку ќе бидеме исправени четврта влада за две години да избираме. Мислам дека треба да се поразмислиме и кога имаме добри решенија за некои државни функции дури и да не ни се допаѓаат некои политички ставови по прашања кои се ирелевантни за вршењето на функцијата, треба да има една толеранција кај партиите и да останат да ги вршат функциите тие луѓе. Меѓутоа, тука се среќаваме со една работа која не може нашата дебата да ја промени.

Госпоѓата Поповска беше избрана за потпретседател на Собранието, и во овој период од кога беше избрана ја вршеше функцијата и како што знам од никого немаше приговор на нејзиното вршење на функцијата. Тоа беше од кога сме независна држава прв пат за потпретседател да биде избрана жена. По наша оценка тоа беше и добар избор и добро си ја вршеше работата. Прашањето по кое избил судирот е надвор од нејзината активност како потпретседател на Собранието. Се разбира тоа не ја утешува, за неа е едно утешување дека сепак нема никаква забелешка на нејзиното вршење на функцијата. И сега, овој судир дали бил неизбежен. По некое конкретно политичко прашање ако дојде до судир меѓу партијата и функционерот што ја претставува, се разбира треба да си носи некои консеквенции. Меѓутоа, овде беше судирот како што таа го објасни по прашањето како ќе се однесуваме според Уставот утврдени права на граѓаните кои се меѓу основните врдности на Уставот. Првото на глас, правото да се гласа е основна вредност на нашиот Устав и на правата на граѓаните. И таа така го истолкувала дека по тоа прашање не е можно да се има политички став, или политичка арбитража, бидејќи со уставот е гарантирано дека секој слободно ќе си гласа, сакале, или не. Друга работа е што таа е должна да гласа така како што бара партијата. Но, нејзе не и рекоа како ќе гласа, туку зошто излегува да гласа, или зошто јавно кажала. Инаку за некоја јавна активност на Лилјана Поповска, особена околу референдумот не гледам дека имала, освен што кога ја прашаа неколку пати новинарите да каже, кажа што мисли, за тоа што мисли дека има право да го каже тоа и срамота е ако едно мислиш, а не го кажуваш тоа туку кажуваш нешто друго. Слично постапи и г-динот Тито Петковски и тој исто така кога го прашаа новинарите си кажуваше. Мислам дека нешто повеќе стори госпоѓа Лилјана Поповска што отиде во отворен судир со госпоѓа Каролина Ристова, на телевизијата кога како гледач таа и се јави и почна да врши необично чуден притисок таму, тогаш да и бара оставка. И кога ја исшутира, така грубо речено и кога ја изгуби таа битка, веројатно тоа е мотивот сега госпоѓа Каролина да врши вака силен притисок да се разреши госпоѓа Поповска, а тоа да не

важи да речеме за член на нејзината партија. Зошто таа е толку загрижена за разликите и за тоа што се решава во туѓа, а не во своја партија, тоа не е ова објаснување за мене. Но, јас сакам нешто да ви кажам. Ние не можеме да ја промениме одлуката, мнозинството ќе си ја донесе таа одлука. Мене ми останува сознанието дека еден функционер кој во Македонија убаво си ја тера таа работа, значи да ја тера што му е доверено да ја тера, сега ќе се смени, а многу одговорни луѓе не ја тераат добро работата па не ги менувате, заради тоа што извршуваат некои други, какви се тие партиски задачи, како може да изврши некоја друга задача, а не ја тера добро таа што треба да ја изврши, ама тие не ги менуваат. Она што и останува на Лилјана Поповска и на секој од нас треба да свати во која партија е и кои правила во партијата и важат, човек треба да биде свесен за тоа и нема понатаму што да мисли, или да се колеба. Тоа се правилата на партијата, така ќе си биде судбината и готова работа, тоа е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Роза Топузова.

РОЗА ТОПУЗОВА:

Почитуваниот господин Андов кажа дека во Македонија ги менуваме функционерите многу набрзо во последно време и тоа ги менуваме и тие што добро ја обавуваат функцијата. Сакам да му поставам едно прашање, дали сметате дека господинот Саво Климовски многу лошо ја обавуваше функцијата претседател на Собранието на Република Македонија па го променивте тогаш и тоа лично вие дојдовте на тоа место.

И второ прашање колку што јас се сеќавам, пратеникот Звонко Каров го избркавте од пратеничката група на ЛП затоа што не се согласуваше околу некои ставови и кадровски решенија со вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контрареплика г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Госпоѓа Роза Топузова треба да го праша г-динот Саво Климовски, зошто си поднел оставка. Тој си поднесе оставка, не беше сменет. Господин Звонко Каров сам си истапи од пратеничката група. Никој не може да го обврзе да биде внатре во пратеничката група. Тој си отишол, не е исфрлен од никој. Ние немаме таков начин да ги менуваме, или да бркаме луѓе.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Јас имам во мојата реплика една исправка и едно повторување. Исправката се однесува на делот на настапот на колегата пратеник Андов каде што вели дека јас како гледач сум се јавила во Сител да вршам притисок. Да го информирам г-динот Андов дека стануваше збор за мое вклучување во вестите на Сител кои што ги водеше уредникот Борјан Јовановски, по негов повик и практично од тоа што тој го нарекува  притисок беше одговарање на конкретно прашање.

Што се однесува до споредбата меѓу п ратениците Лилјана Поповска и Тито Петковски, апсолутно мислам дека г-динот Андов не ја прави разликата за каква одговорност станува збор. Имено, станува збор за разрешување на потпретседател на Собранието, значи за функционер на Собранието кое што го предложил парламентарното мнозинство и кој што ја персонифицира политиката на парламентарното мнозинство. А додека г-динот пратеник Тито Петковски не е таков функционер и затоа не можеме да ги споредуваме овие две различни ситуации на политичка одговорност.

СТОЈАН АНДОВ:

За ова кој кого го викнал на телевизија незнам, само се сеќавам дека фактички го изгуби тој дуел госпоѓа Каролина и има основа да биде гневна. А што се однесува за Тито Петковски, многу ми е драго што еве, го амнестиравте и нема да има последици за човекот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Андреј Жерновски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Жерновски имате три минути реплика.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Господинот Андов на крајот на својата дискусија кажа дека е грев на Лилјана Поповска, колешката, затоа што не знаела од која партија доаѓа. Чувствувам потреба да кажам од која партија доаѓа. Доаѓа од онаа партија  од која што, господине Андов, вие го добивте мандатот во претходниот Парламент. Вие бевте пратеник на Либерално дмократската партија. Вие спротивно на волјата на гласачите како што гласаа за нашата партија, си излеговте од пратеничката група, формиравте нова парламентарна група, вие сте пионирот на ова што сега се

случува во ВМРО-ДПМНЕ, вие почнавте со формирањето на нови парламентарни групи. Зошто го кажувам ова? ЛДП во тој момент ништо не ви направи. Ниту собра луѓе пред вашата куќа, си заминавте, ја фалсификувавте волјата на гласачите и си формиравте нова партија. Ваше право, граѓаните нека судат кој дискутира на оваа тема.

Тема број 2, за казната на парламентарците, па вие сега седите до едни двајца господа кои во моментов се десно од вас и вие ги избркавте од Извршниот одбор на партијата, тоа јас го читав во медиумите, само затоа што се потпишуваа на иницијативата за интерпелација на Владата на Република Македонија на Хари Костов, тие не се повеќе во Извршниот одбор. Така што, немојте да дискутирате за дисциплина во партијата, гледајте ги вашите постапки ве молам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Андов повелете за реплика.

СТОЈАН АНДОВ:

Па еве, случајот на Лилјана Поповска точно кажува какви слободи и права има во ЛДП и затоа истапив од нив, бидејќи тоа однесување не го прифаќам. Никаква врска нема некој да бил исклучен од Извршниот комитет. Значи, ја утна човекот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов имате збор, а потоа госпоѓа Бонева.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине Јорадновски,

Точката на дневен ред со која еден од двајцата потпретседатели на Собранието на Република Македонија ќе си замине од таа позиција, јас нема да гласам за, нема да гласам ниту против, иако апсолутно сум согласен со ставот од други причини. Госпоѓата Лилјана Поповска не може и не треба да биде потпретседател на Собранието на Република Македонија. Моето задоволство ќе беше поголемо доколку двајцата потпретседатели на Собранието на оваа седница денеска ги изгубија своите позиции, а не само госпоѓата Поповска. Мене ми е жал што госпоѓата Поповска се најде во една класична фаустовска дилема или позиција, подобро кажано ѓаволот ја испорача сметката, затоа што можеби некои од колегите од опозицијата ги истакнуваа добрите моменти во начинот на функционирањето од позиција на потпретседател на Собранието на Република Македонија, но јас сепак не можам да заборавам дека госпоѓата Поповска, исто така, како потпретседател и како претседавач на Собранието на Република Македонија, особено во расправата

за тетовскиот нелегален универзитет исто функционираше максимално едногласно како и сите останати членови на парламентарното мнозинство во Собранието и како членовите на тогашната Влада на Република Македонија.

Тоа што госпоѓата Поповска во една прилика се најде можеби на различна страна со партијата од која доаѓа, тоа не е моја работа, тоа си е работа на нивната партија, но во секој случај ќе имаме еден потпретседател помалку. Велам дека јас би сакал можеби повеќе како двоец од потпретседателите на Собрание да бидат ставени на дискусија, за да видиме по што едниот потпретседател е на линија на националните и државните интереси, а по што другиот потпретседател не се согласува со оквалификувањето на одредени состојби во Република Македонија дека се во духот на националните и државни интереси, како што кажа почитуваната госпоѓа Каролина Ристова. Претпоставувам дека она што се случува во моментов во Кондово и уште во некои делови од земјава е во духот на државните и националните интереси, а она што не е во овој регион на територијата на град Скопје не е во духот со државните интереси. Тука, сум изненаден, затоа што госпоѓата Ристова кажа дека тие имале и политичка платформа. Од тоа сум навистина изненаден затоа што иницијативата за смена на еден од потпретседателите на Собранието на Република Македонија доаѓа во еден мошне чувствителен политички период за Република Македонија кој и онака обременет со сите облици на нефункционирање на правната држава, некој од колегите денес употреби правниот систем, јас ќе кажам дека екс територијалноста во земјава и тоа како е присутна и таму функционира правен систем кој не е на Република Македонија, а тоа се облици на парамилитантна контрола на добар дел од македонската територија и добар дел на се она што се нарекува главен град на Република Македонија, нешто што во своите дискусии за време на Законто за територијална организација господинот Жерновски максимално се трудеше да не убеди и некои други пратеници дека тоа ќе биде предност тој дел од градот кој природно, сентиментално и не знам уште се како не припаѓа на Скопје и сега во вистинска смисла на зборот јас жалам што тие не можат да ги евоцираат своите пријатни спомени во тој дел по излетничките места, претпоставувам, затоа што ќе бидат легитимирани и не се сеќавам, ниту сум видел дека некој од пратениците од Скопје се обиделе да поминат и да видат што точно таму се случува. Значи, ова е една длабока политичка криза, која владеачката партија или Валдата во оставка или Владата во најава се обидуваат повеќе од два месеци да ја скријат пред очите не само на македонската јавност. На пример, само за една компарација, ние денеска исто од госпоѓата...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов две минути сте во длабока дигресија и ве молам вратете се на точката на дневен ред.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски јас го сфаќам вашето нетрпение или мислење дека не сум во духот на точката, но со оглед на скромното образложение за разрешување на еден од потпретседателите на Собранието на Република Македонија јас морам да се држам, главно, до изјавите на претходните дискутанти, затоа што верувам дека и вие ќе се согласите во образложението практично нема ништо. Значи, јас мојата дискусија и понатаму ќе ја држам токму на изјавите и на дискусиите на претходните дискутанти, особено на оние кои се обидуваа да ја врзат иницијативата со несогласувањето во рамките на една проектирана политичка интервенција во македонскиот правен систем, која ние ја нарековме Закон за територијална организација, која парламентарното мнозинство тврди и понатаму дека е во духот на македонските државни национални интереси. Дали сега можам да продолжам?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Образложението беше скромно, но вашето дообразложение е малку подолго и држете се до темата, а таа е за разрешување на потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Оваа иницијатива за разрешување на еден од потпретседателите на Собранието на Република Македонија, да не евоцираме премногу спомени, но навистина сме биле во право ние приврзаниците и подносители на еден од амандманите во врска со Законот за локални избори, затоа што колку што јас можам од овде, од десната страна да видам во редовите на ЛДП госпоѓата Поповска не е единствената жена. Значи, господинот Жерновски, госпоѓата Каролина Ристова, госпоѓата Петрова како загрижени и како носители на женското лоби движење во Собранието и сите активности кои се врзани со тоа, мене ме служи помнењето дека и господинот Жерновски дискутираше токму во насока на афирмација на сите активности врзани со женската лоби група во Собранието. Значи, доколку барем за момент се потсетиме на сите тие нивни изјави во тој момент, можеа да предложат некоја друга личност, освен ако не очекуваат од господинот Најдовски некакви хируршки интервенции во иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, но мислам дека ова не ви беше на крај умесно, но тоа нека биде на ваша совест и ваша душа.

Повелете госпоѓо Петрова имате три минути реплика.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА:

Веќе втор пат пратениците од опозицијата се повикуваат на моето име како координатор на Клубот на парламентарките се со цел да реагирам во однос на промената на потпретседателот на Собранието, бидејќи се отповикува потпретседател која што е жена, а ќе се наименува маж на тоа место. Работата ја поставуваат како во многу едноставна позиција дека станува збор за промена на жена во име на полот. Меѓутоа, воопшто не станува збор на жена заради тоа што е жена, туку заради тоа што позицијата која што ја одржала нејзината политичка партија смета дека во овој момент треба да ја пополни со адвекатен кадар, односно со човек кој што поадекватно ќе одговори на задачите. Така што, би ги молела колегите од опозицијата во иднина да не се повикуваат на фактот дека се менува жена како кадар од женски пол, туку само заради фактот дека се менува потпретседател кој што може да биде од било кој пол. Не станува збор за полот на потпретседателот, туку за функцијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, повелете една минута господине Трендафилов, реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Госпоѓо Петрова јас не прочитав во образложението дека госпоѓата Поповска не се сменува од позициата потпретседател на Собранието поради тоа што е жена. Каде вие прочитавте тоа што ми го тврдите цело време. Дали вие слушавте кога реков дека во партијата која има право да отповика, односно да предложи да се отповика потпретседателот на Собрание, госпоѓата Поповска не е единствената жена. И тие како ваши главни коалициони партнери, дали сето ова што го правите, барем во поглед на ЛДП не се сведува само на одредени амбиции на еден до двајца луѓе кои во моментов се членови, односно се во раководството на ЛДП. Од вас очекував како силен гласноговорник во сето она што го зборувавте не сега, туку во изминатите законски проекти и со оние смешно формулации 30%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Жерновски имате реплика или збор?

Повелете три минути.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Господине Трендафилов верувајте дека последната реченица каде што побаравте мојот колега да изврши хируршка интервенција зборува за вас, а не са него, тоа е вашиот морал и вашата култура каква е.

Второ, ве замолувам да се извините јавно за тоа што го кажавте за мојот колега.

Трето, да побарате последната реченица да биде избришана од стенограмот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов една минута контра реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Жерновски, верувајте доколку е во моја моќ јас би избришал повеќе работи овде, но за жал, не е се во моја моќ. Денеска гледавме многу такви работи. Значи, за овие ваши желби треба да се обратите на некој многу блиску до вас, а не до мене.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас би сакал да се вклучам во дискусијата. На дневен ред е разрешување на потпретседател на Собранието госпоѓата Лилјана Поповска. Би сакал да истакнам дека потпретседател на Собранието е клучна функција во државата, т.е. во Република Македонија. Мислам дека е добро што ние имавме жена за потпретседател на Собранието и тоа е за пример кој што треба да се истакне во Република Македонија. Нели тежевме за претставниците на женскиот пол да бидат скоро во сите институции во некој процент. Со оглед на тоа што нема објаснување, јас би рекол дека се поставува прашањето што е проблемот и во што се згреши. Јас како координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ би сакал да кажам дека според мое мислење колешката Лилјана Поповска како потпретседател релативно добро ја извршуваше функцијата потпретседател на Собранието. Би истакнал, еве, само еден пример каде што таа навистина на добар начин го изменаџира кога при гласањето на Буџетот на Република Македонија минатата година, за 2004 година, на еден крајно принципиелен и толерантен начин успеа, бидејќи Собранието беше закочено да ја откочи таа процедура на некој начин. За нејзините човечки квалитети не би сакал да дискутирам бидејќи тоа е надвор од нашата дискусија и не би требало да биде.

Би повторил, со оглед на тоа дека нема образложение за нејзиното разрешување, сепак, јавна тајна е дека се променува поради нејзиниот став околу територијалната поделба и референдумот во врска со територијалната поделба иако, би потенцирал дека разрешувањето е внатрешна работа на ЛДП или на било која партија, како што има функционер конкеретно во Собранието на Република Македонија и тоа треба да се почитува и најчесто не треба да се мешаме во такви работи. Меѓутоа, со оглед на тоа што се разрешува поради ова прашање за територијалната организација, значи за Законот за територијална поделба, имаше обратен став од нејзината партија, сметам дека тоа не беше обичен закон. Впрочем, за него имаше и референдум. Значи, овој закон длабоко навлегуваше во нашите чувства, во националните и државните чувства на нас граѓаните на Република Македонија  и сметам дека тоа требаше да се почитува во овој случај. За други случаи не би сакал да дискутирам. Затоа сметав дека ќе се најде доблест да се надмине оваа состојба и искрено не верував дека ќе дојде, во овој случа со огле дна тоа што имаше и повеќе пратеници од позицијата, кои исто така, имаа обратни ставови. Пак ќе потенциртам, иако почитувајќи ја волјата на партијата, имаат право да ги менуваат, но мислам дека во овој случај згрешија. Во секој случај ќе изгубиме еден квалитетен потпретседател на Собранието кој успешно и квалитетно го заменуваше претседателот на Собранието при неговото отсуство. Затоа,  мислам дека сепак има можност до крај на гласањето да се надмине оваа состојба и доколку не се разреши, сметам дека ќе дадеме и добра порака до ЕУ и до останатите во светот, дека сепак во Република Македонија  има можност за толеранција, има можност за различни мислења. Повторно би потенцирал, особено,  за вакви круцијални и значајни прашања кои што се од витален национален и државен интерес за Република Македонија  кои длабоко ги побудуваа нашите чувства и некогаш навистина не можеме да одиме против тие чувства. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули имате реплика, повелете три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Бидејќи репликата е некогаш и прашање и дообјаснување, со оглед на ова што го искажа, сакам да го замолам или да го прашам  господинот Коце Трајановски дали се кае што при изборот на госпоѓа Лилјана Поповска тогаш гласал против, како впрочем и цела пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Господине Макрадули, сметам дека некои прашања не заслужуваат одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Коце Трајановски, не сакам во негово име да зборувам, но ќе бидат конзистентни, не гласале тогаш, нема да гласаат и сега. Според тоа, против ќе бидат и сега. Конзистентноста ќе биде тука.

Повелете господине Жерновски имате три минути реплика.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван колега координатор, ви благодарам за навистина емотивната чувствителна дискусија што не повикавте да седнеме да се договориме, ни дадовте време до крајот на дискусијата. Еве, јас ви кажувам дека го почитувам тоа што го кажавте и е го применам кога набрзо ќе дојде точката на дневен ред за трансферите во вашата пратеничка група и тогаш јас ќе ве повикам да седнете да се договорите како луѓе, да ја избегнеме оваа непријатна тема, како пријатели да си седнете и да продолжите заедно во една пратеничка група. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски, контра реплика една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Господине Жерновски, мојата дискусија навистина беш е искрена. Мислам, воопшто немав намера некого да предизвикувам, да навредувам, затоа што го кажав тоа што го мислев. Зашто, сметам дека сепак госпоѓата Лилјана Поповска квалитетно ја извршуваше таа функција од аспект на позиција, колку што може да се каже.

Сметам дека сепак госпоѓата Лилјана Поповска квалитетно ја извршуваше таа функција од аспект на опозиција колку што можеше да се каже и мислам дека сепак има уште време да се надмине оваа состојба, бидејќи сепак единствената причина е несогласувањето со Законот за територијална поделба, кои што повторно ќе истакнам е многу значаен за Република Македонија и ние како граѓани, како македонци, навистина некогаш неможеме да ги почитуваме партиските ставови во врска со едни вакви значајни прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувам претседателе, колеги пратеници,

Значи, еве расправаме подолго време по однос на 15-та точка, Предлог за разрешување на потпретседател на Собранието на Република Македонија, или за госпоѓата Лилјана Поповска и мислам дека оваа точка заслужува внимание и заслужува една ваква дискусија.

Прво, да расчистиме значи што е спорно а што не неспорно. Неспорно е и деловничкото право, неспорна е и постапката дека пратеничката група на ЛДП, и тие кои ја поднеле иницијативата од сопствените редови имаат право да си предлагаат и да разрешуваат и така натаму. Тоа не е спорно. Неспорно е тоа дека госпоѓата Лилјана Поповска доаѓа од ЛДП, во истиот оној момент на нејзин предлог, кога ја избиравме за потпретседател. Неспорна е ситуацијата кога опозицијата и тогаш и сега ќе гласа против. Значи ние сме доследни во стегањето на копчето и тоа е црвеното, против. Тогаш беше против изборот, сега ќе биде против разрешувањето. И тоа е неспорно. Причини зошто, има повеќе. Сега некој ќе праша што е тука спорно. Спорно е почитувани колеги, дали госпоѓата Лилјана Поповска заслужи на овој начин да биде разрешена. Значи што е спорно. Спорно е едно што е партиска работа, а сосема друго е работа во Собранието. Спорни се и многу други работи да речеме, опозицијата за многумина е спорна, да речеме колку е спорна, колку е различна, меѓутоа, не спорам дека има потреба нашиот закон да се изгласа, затоа што од овие причини се гледа дека пратениците се држат во канџи да неможат слободно своите ставови да ги изнесат. Токму тука е проблемот кај госпоѓата Лилјана Поповска, затоа што начинот на кој ние овде дејствуваме и работиме во Собранието на Република Македонија, се поставува прашањето генерално, кого ние претставуваме како пратеници: граѓаните на Република Македонија или политичките партии. Ако Уставот декларирал дека пратениците се претставници на граѓаните во едно демократско општество, или ако е уствано декларирано дека пратеникот е слободен во своето мислење и изнесување на ставови по било кое прашање, тогаш се наметнува прашањето, Уставот го штити ли пратеникот, или ги штити политичките партии. Што беше спорно кај госпоѓата Лилјана Поповска во целиот нејзин, овој двегодишен мандат како потпретседател, од аспект на тоа како фактички ја обавуваше таа работа. Дали госпоѓата Лилјана Поповска беше нередовен пратеник. Дали госпоѓата Лилјана Поповска не ги водеше седниците, господине претседателе кога вие бевте отсутен или кога ќе и дадевте такво право. Дали госпоѓата Лилјана Поповска го кршеше Деловникот како потпретседател. Јас ќе ви кажам вака споредбено, без да се лутите многу помалку него вие. За вас нема предлог за разрешување, за вас има интерпелација, ќе има можеби и понатаму, затоа што не

сме ве предложиле ние. Неспорно е, почитувани колеги дека госпоѓата Лилјана Поповска делуваше и работеше и делува и ќе работи понатаму според своите убедувања во рамките повторно на Либерално-демократската партија. Меѓутоа, како пратеник согласно одредбите на Уставот. Не е прв пат, нити последен, не верувам да е последен, кога госпоѓата Лилјана Поповска имаше доблест да поднесе разни иницијативи, да поднесе предлози на закони, да поднесе амандмани кои можеби соодејствуваа со оние на опозицијата. И никогаш, никој, ниту од нејзината партија, пратеници од нејзината пратеничка група не покрена прашање за разрешување на потпретседателот заради тоа што мислела во тие моменти поразлично од нив, што е сосема нормално. Прашајте не нас почитуван претседателе овдека, во овие редови кој и како мисли, јас ќе ви кажам, од четворица шест става ќе има различно. Така да тоа и нормално да размислуваме различно. Без разлика во која партија припаѓаме.

Но каде се прели чашата. Чашата се прели почитувани колеги кога дојде Законот за територијална организација. Госпоѓата Лилјана Поповска, како ретка која пратеничка, или како кој редок пратеник имаше храброст и овдека, кога тој закон се носеше, со свој сопствени амандмани, да укаже, да каже каде тој закон не чини. И тоа да го каже јавно, да ги брани тие ставови и да остане доследна до крај. И за тоа доби награда разрешување од потпретседател.

Меѓутоа, се поставува прашањето, кое е многу битно. Зошто Пратеничката група на ЛДП не покрена разрешување на колешката во моментот кога таа со сопствени амандмани, па дури и гласаше против Законот. Зошто тогаш не покрена. Туку требаше да се чека референдум, требаше да се заземе став дека некои прашања не заслужуваат одговор, и требаше тогаш да се казни госпоѓата Поповска. Затоа што си остана доследна на своите принципи, на своите ставови. Затоа што, ако овде кажала дека тој закон за нејзе не е добар како што не е за многумина овде, ако сакате искрено да кажам, тоа го направи на референдумот, затоа што бараше тој закон да се поништи, односно уставната и граѓанската форма која е една од најголемите демократски права. Значи лицемерието на нејзината пратеничка група се гледа тука. Ако Лилјана Поповска отстапила, а отстапи и тогаш од ставовите на партијата во моментот кога се гласаше законот, зошто тогаш не ја разрешија. Или можеби и даваа попрвен испит. Меѓутоа, луѓе што имаат доблест и кои се принципиелни, за нив не важи поправен испит. Кај некој важи. Ако некој гласал за и против, тоа не е ништо. Меѓутоа, кај оние кои што се принципиелни и доследни тоа не важи. Јас се восхитувам на госпоѓа Поповска која остана до крај принципиелна и

доследна на својот принцип и став. Така почиувани колеги треба да работиме како пратеници. А не во канџите на политичките партии, туку во рамките на тоа што го имаме во сопствените глави и за ова  за што не делегирале граѓаните. Ако почитуваните пратеници на ЛДП ги прашале граѓаните во моментот кога се носеше законот оттаму од каде што доаѓаат кој биле ставовите за законот тие референдуми што излегуваа тогаш како иницијативи, кај многумина од нив требаше да биде ист ставот како кај Лилјана Поповска. Додека се чекаше прашањето за референдумот и додека се чекаше постапката за референдумот многу работи се сменија, многу притисоци се направија, така да се случи прв пат во Република Македонија власта и Владата да биде против референдумот, односно да ги убедува граѓаните да не излегуваат, што е нон сенс. Тоа е непознато во многу демократски општества. Сега која е наградата на госпоѓа Лилјана Поповска. Затоа почитувани колеги кој што многумина се прашавте и овдека ја отворивте темата зошто почитуваната колешка не си поднела оставка. Токму заради тоа не поднела оставка, да ви каже дека нема потреба, ниту гледа некоја причина зошто би поднела оставка. Зошто, каде е нејзината вина. Дека била доследна и принципиелна. Дека она што го мисли тоа и го прави и дека ги почитува ставовите на граѓаните. За тоа ли треба да поднесе оставка. Да се замислиме сите кога зборуваме и кога овдека настапуваме, и за тоа навистина треба да се избориме кого ние застапуваме и какви односи ќе градиме. Каде ја водиме Република Македонија, доколку чекаме политичката партија или пратеничката група или незнам кој да ни дава ставови, како ние да немаме сопствени глави и да не го слушаме гласот на граѓаните.

Од тие причини и покрај она што кажав што не  спорно, а што е спорно, мислам дека овој предлог е избрзан предлог за ЛДП, затоа што ако за нив значи некоја грешка, за која што сметам дека не е грешка, заради тоа што не го почитувала ставот на ЛДП да биде човек разрешен иако успешно ја водела работата, нека се замислат, што ќе биде во иднина. Што значи разрешувањето  на Лилјана Поповска преку нејзината партија, каква порака праќа до сите членови, односно до сите пратеници, што треба да прави идниот потпреседател на Собранието кога ќе биде избран од нивните редови. Од сега му упатуваме сигнал како треба да работи. Во никој случај не треба да размислува само со своја глава, туку мора да слуша и политичка партија кој што често пати се различни од интересите на граѓаните. Значи праксата која ја уредуваме е лоша. Далеку од демократијата. Наместо да се избориме и примери како госпоѓата Лилјана Поповска да имаме повеќе, да имаме повеќе такви пратеници кои имаат храброст за сопствените принципи, за

сопствените ставови да се борат во рамките и на партијата и на Парламентот овдека како треба да се работи и како треба пратеничката функција да се сваќа. Ако се повеќе, верувајте, вакви предлози нема да доаѓаат.

Од тие причини, да не се сватиме погрешно, значи опозицијата, ако зборувам од сопствено име си е принципиелна и доследна,кажав на почетокот и сега и првиот пат бевме против и сега ќе бидеме против, што не значи дека ниту сега имам намера да ја штитам и бранам госпоѓата Поповска, затоа што таа сама знае да се одбрани, меѓутоа, сакам да укажам дека некои работи се недоследни и не се во ред. И ако сакаме да градиме демократија каква што треба да градиме, ако сакаме да бидеме претставници на граѓаните, треба ваквите примери да ги охрабруваме, а не да ги казнуваме. Што ќе беше условно кажано, ако референдумот успееше. Повторно ли ќе имавме предлози за разрешување на госпоѓа Лилјана Поповска. Затоа, за едно суштинско прашање, каде што кај многу граѓани на Република Македонија, вклучително и пратеници навистина, бевме ставени во дилема, тие што беа ставени, ние не бевме ставени, тие што беа ставени во дилема како да одлучат и како да гласат беа казнети. Да се прашат ли треба граѓаните на Република Македонија која ќе биде казната на сите оние што гласаа за референдумот преку индиректна поука. Еве гледате, Лилјана Поповска излезе не референдум и ја разрешија од местото потпретседател. Утре можеби кој знае што, можеби ќе ја исклучат и од партија. Тоа што некој овдека кажува дека за разлика од ВМРО-ДПМНЕ, тие биле толку доблесни, не ја исклучиле од партија. Јас можам да кажам никогаш не е доцна и никогаш не се знае што може да биде. Или што ако сега госпоѓа Лилјана Поповска не почитува уште некоја одлука на Либерално-демократската партија, која ќе биде следната награда. И  заради тоа, значи да не се сватиме погрешно, заради тоа ние вавкиот предлог нема да го поддржиме во никој случај, само од принципиелни случаи, заради тоа што сметаме дека нити со својата работа, нити на начинот на кој работела, не придонела да биде разрешена, не го прекршила Деловникот, не прекршила ни Устав, не прекршила ни закон. Се во рамките на демократските овластувања, се во рамките на Уставот и во рамките на Законот. И ако за тоа следи разрешување, се поставува прашање, почитуван претседателе,што да правиме со оние пратеници, потпретседатели, претседатели кој што, да не речам секојдневно, ајде да не биде многу, го кршат деловникот, што да работиме со оние пратеници потпретседатели и претседатели кој што кажуваме дека се корумпирани,што да работиме и што да правиме со оние министри, кои еве читаме секаде, дури и Владата се зборува дека е корумпирана. Треба  ли да ги наградиме, да поставуваат

услови дека пак треба да бидат министри. Тоа прашање треба да го разрешуваме, ама таквите прашања ќе ги отвориме ако имаме пратеници како Лилјана Поповска, а не како другите овде кои што служат како гласачка машина.

Према тоа, многу наликува на една претстава нели, кој поинаку зборува, тој клевети и лажи, тоа многу добро го знаат господата од СДСМ, така и овдека, нели оваа одлука токму таква е. Лилјана Поповска не смеела да мисли поинаку. Лилјана Поповска мора да мисли исто како и нејзиниот лидер и сите другите кои што го слушаат. Затоа, ќе следат вакви мерки.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Госпоѓа Топузова, имате реплика, или збор?

Реплика 3 минути повелете.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Не мислев да се впуштам во дискусија по ова прашање кое што го сметам за легитимно право на Либерално-демократската партија, како да даде предлог за именување, така да даде и предлог за разрешување, на местото потпретседател на Собранието на Република Македонија.

И вистина, во три минути нема да можам да му одговорам на клеветите на господинот Караџоски, што ги изрече на сметка на ЛДП и на нашата пратеничка група, но многу често го спомнуваше зборот лицемерие, демократија, права и тн. Крајно лицемерие е она што вие го говорите господине Караџоски, затоа што воопшто едно говорите, друго применувате во пракса.

Сакам да ве потсетам на 2000 година. Па чии пратеници беа тие. Дали тие пратеници требаше да ги штити Уставот како што сега рековте, дали тие ги претставуваа граѓаните, или само ја претставуваа ВМРО-ДПМНЕ, па се осудивте да појдете пред нивните домови, дури и почитуваниот колега Блаже Стојановски, кој што сега ја напушти салата, тогашен директор на Подрачната единица на Електродистрибуција, даде наредба, да се исклучи цел еден кварт со електрична енергија, каде што живееше почитуваниот пратеник Звонко Мирчески, и предводејќи ја колоната, а и многу од вас ја каменувавте неговата куќа, крајно го вознемиривте неговото семејство, ги вознемиривте соседите и граѓаните на Прилеп. Тогаш така ја спроведувавте демократијата и вие сега ни одржавте полачасовна лекција за демократија, за права, за тоа чии претставници сме ние, кого го претставуваме, дали граѓаните и кој ги штити. Кој го штитеше тогаш господинот Звонко Мирчески. Дали тој

беше наш пратеник, или не беше наш пратеник. Дали тој се сложуваше, или се разидуваше со ставовите на ДПМНЕ. Незнам, меѓутоа, едно говорите, само единствено останувате секогаш доследен на себе си. Она што го говорите не го практикувате во пракса.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Една минута господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Госпоѓо Топузова, пратеникот Мирчески, сигурно не го штитела полиција како што вас ве штити една година цела. Значи тоа е една работа, да расчистиме.

Второ, кога зборуваме за лицемерие јас можам да тврдам, мислам неможам да тврдам, тоа со сигурност јас го кажувам, нити сум бил таму, нити сум учествувал ниту сум каменувал,нити нешто сум правел во таа насока. Значи, јас зборувам во сопствено име. Зборам овдека како пратеник и она што како пратеници го работиме. А вие значи многу сте загрижени и за пратеникот Мирчески, кој најверојатно таа партија ќе и стане коалиционен партнер, објаснете им вие на граѓаните на Прилеп која е таа потреба што ве штитат седум месеци полицајци и зошто ве штитат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Дилемата што кај мене се наметна при оваа дискусија во Парламентот на Република Македонија и што принципиелно би сакал да подискутирам тука како член на Парламентот од говорницата е дали ние имаме разграничено што е функцијата на Парламентот на Република Македонија. И во таа смисла функцијата на претседателот на Парламентот или како модерно го нарекуваат спикер, потпретседателите, претседателите на комисиите и претставниците на Парламентот на Република Македонија во меѓународните организации.

Значи, дали е тоа законодавен дом на Република Македонија во кој што луѓето се мистички индивидуи, или дали е тоа некаков дом во Република Македонија во кој што луѓето треба да бидат партиски роботи. Тоа е првата дилема што кај мене се отвара.

Втората дилема е дали законодавниот дом на Република Македонија може да излезе од волшебниот круг на политиката, од оној момент кога ќе завршат

политичките парламентарни избори и во кој што ќе се формира парламентарно мнозинство и парламентарно малцинство и тие ќе водат дебата за законите кој што ги предлага извршната власт, т.е. Владата, или други организации и асоцијации и граѓани на Република Македонија  и притоа ќе превагне мислечката индивидуалност, а не партискиот роботизам. Значи, сметам дека ние по тоа прашње и денеска паѓаме на испитот. Се потврдуваме дека партиската роботизација е поважна и дури се враќаме чекор наназад во времето на демократскиот централизам, во времето на во времето на партиската деференција кога од луѓето се диференцираме затоа што мислат поинаку за вакво или такво прашање, и тоа тука во Парламентот на Република Македонија  за функција на потпретседател на парламент, независно што сега разговараме за госпоѓата Лилјана Поповска, туку како функција потпретседател која што апсолутно во ни еден сегмент и во образложението не е загрозена од аспект на професионално обавување, функционално, организациски и доследно како потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Значи, ние не дискутираме за функцијата што ја обавувала госпоѓа Поповска, туку дискутираме за нејзин став,како интелектуалец, како мислечка индивидуа во Парламентот и тоа поретко, би рекол и најсуштествено граѓанско прашање. Оти, да не заборавиме дека референдумот во Република Македонија фундаментално претставува чисто граѓанско прашање каде што граѓаните на Република Македонија и претставува граѓанска иницијатива треба да се произнесат со свое произнесување дали  одобруваат одреден законски проект или одделна одлука, би рекол, решение, закон донесен во Парламентот на Република Македонија. И, притоа граѓанскио тконтекст до колку ние тука го собориме афирмирајки ја политичката димензија и укажувајки дека референдумот бил злоупотребен од политичката опозиција или позиција за афирмација на политичките аспирации на  одредени политичките партии независно дали лево или десно од центарот или во центарот, но токму со госпоѓа Поповска тој беше нај афирмиран, зошто таа настапувајќи и зборувајќи дека референдумот е граѓански чин, дека потекнува од граѓаните и дека на граѓаните треба да им припадне како нивно учество и партиципација во решавањето на проблемите во Република Македонија, таа треба да биде наградена и тука да дискутираме за благодарница, да дискутираме за чест, за пост и на таков начин да дојдеме до соодветно признание за потпретседателот на Собранието на Република Македонија.

Токму затоа, велам, ние треба еднаш за секогаш да кажеме независно што сум јас од опозицијата пратеник, во овој Парламент сум седел и кога сум бил и во позиција, сакам да кажам дека се работи за следното: Дали ние афирмираме човечка вредност тука, во Република Македонија или афирмираме политичка вредност. За мене, функцијата на госпоѓа Поповска како потпретседател на Собранието на Република Македонија е афирмацја на човечката на граѓанската вредност, и има далеку поголемо значење од голата политичка димензија и партиската роботизација за градењето на насоките, посоките и директивите на стариот социјалистички систем. Во тој систем, да не заборавиме имаше такво правило  мнозинство при дискусија, единство при одлучување, тоа се викаше демократски централизам. Е, сега, тој демократски централизам го применуваме овде и се враќаме овде 20 години наназад, затоа што тој што мисли поинаку независно на која функција е тој треба да биде накажан, тој треба да биде сменет дури и од функција која што ни малку не ја загрозил со своето граѓанско дејствување, ниту со своето граѓанско однесување како човечко битие и како интелектуалец во општествениот живот во Република Македонија.

И, конечно, пак околу таа политичка димензија. Значи, партиите имаат политичка платформа и таа политичка платформа на изборите се потврдува, граѓаните гласаат за неа, граѓаните гласаат дека постои 15 септември, ќе им ја дадат довербата на едни, или постои 15 септември ќе ги накажат тие што постојат од другата страна, ќе ги казнат за лошото работење, но граѓаните ќе гласаат и 2006, граѓаните гласале и 1994, и 1998 година и ако даде Господ ќе гласаат уште многу години, многу децении во Република Македонија во некој друг политички амбиент.

Прашањето е следново. Колку од таа политичка платформа се уставотворило овде во Парламентот и колку пратениците во таа политичка димензија бранејќи ја таа политичка платформа која што се реализира или не се реализира за граѓаните, за тоа одговараат. И за тоа, многу посуштествено прашањето, ние сме тука пратеници и треба подеднакво да ги гледаме работите. Имаме втор потпретседател на Собранието на Република Македонија, почитуваниот г-дин Хисни Шакири кој што беше присутен на озваничување на еден паметник или споменик во близината на месноста Блаце кој што не е еден од спомениците кој што е дел од македонската историја и дел од она што претставува Република Македонија како држава, како систем, како општество кое што чекори кон Европа и кон светот, па никој за тоа не покренува прашање, без разлика што е тоа граѓанска одлука, повторно иницијатива на поединец, јас ќе кажам, негово лично право, негово граѓанско право, негово

интелектуално право, но никој за тоа не смее да проговори, затоа што таков е кодексот на вредности кој што се изградени во Република Македонија, а ќе проговориме за прашањето на референдумот таму каде што е многу едноставно да се удри и таму каде што е многу едноставно да се смени сегашниот потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Немаме храброст или немаме доблест, или како ќе кажеме незнам, меѓутоа факт е дека како пратеници сме должни тоа да го кажеме тука пред граѓаните на Република Македонија  дека законодавниот дом сепак претставува  и мора да биде вредност на граѓанинот во Парламентот, мора да биде вредност на човечката вредност, на таа компонента пред политичката компонента оти политичката компонента заврши со 15 септември 2002 година.  И, таа политичка компонента може да се брани само преку законски проект, пак ќе кажам, преку решенија, преку одлука, и преку лична иницијатива за подобрување на животот на граѓаните во Република Македонија. Оти, ова не е канцеларија на централен комитет на ВМРО-ДПМНЕ или не е канцеларија на репбулички одбор на СДСМ или на другите апртии кои што тука се присутни во Парламентот, ова е законодавен дом и јас конкретно претседателот на Собранието на Република Македонија го гледам само во таа функција. Можам само да се произнесам дека како граѓанин го поздравувам активирањето на парламентарните механизми во заштита на граѓаните на Република Македонија и нивните права да учествуваат во  Уставниот поредок на Репбуликата во давањето на свое мислење и свое видување за состојбите на одредени прашања на Република Македонија, а партискиот, би рекол контекс и политичката диференцијација и елиминација, мислам дека припаѓа на минатото и во таа насока мислам дека ние тука како парламентарци, јас зборувам како парламентарец, не бранам никаква политичка димензија, едноставно го бранам граѓанскиот концепт и тоа што претставува лична вредност на секој од нас, на секој поединец во овој мекедонски парламент, со што ова може да им се случи и на други луѓе. И, заради, пак ќе кажам, нивната мислечка индивидуалност, тие луѓе да бидат сменувани од функција без ниедна грешка во нивното професионално работење во Парламентот на Република Македонија.

На крајот можам само да порачам, ние можеме во овој Парламент на Република Македонија, овој четврти мандат да носиме вакви одлуки, меѓутоа длабоко сум убеден дека ако вака продолжиме тогаш не ни се пишува добро, дека ќе отстапиме колебливо кон сигурноста на партискиот, би рекол, колективен ум, само напуштајки ја човечката индивидуалност и ретките искази на слободоумност во овие

15 години од 8 септември 1991 година, значи 14 години ретките изливи на слободоумност и храброст да се каже што се мисли за одредено прашање, неодиме напред со македонското општество туку одиме назад, и нека им е чест на тие што ќе гласаат да биде разрешена потпретседателот на Собранието на Република Македонија. На нивниот колективизам јас ќе се произнесам и ќе гласам таа да остане потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓо Ристова имате реплика, три минути ве молам.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Јас би реплицирала со некои од тезите кои што беа изнесени од колегата пратеник Ѓорчев.

Прво, за мислечки човек. Дали добро разбрав, дали според него мислички човек е само оној кој што е осамен во мислењето или е со малцинско мислење. Дали тоа не значи дека и индивидуите кои што се наоѓаат, во случајов пратеници кои што ќе се најдат на страната на мнозинското мислење како што сметаат дека е тоа исправна позиција, не дошле тоа по пат на мислење, политичко одговорно размислување.

Исто така не ми е јасна тезата која што повеќе пратеници ја промовираат тука дека на некој начин постои противречност меѓу застапување интересите на граѓаните кога тоа го прави индивидуален пратеник или кога тоа го прави како дел од пратеничката група, односно испаѓа чуму ни се партиите и пратеничките групи во Парламентот, за што ни се изборите, зошто не одиме индивидуално, зошто одиме како кандидати на политички партии. Значи, чуму ни се политичките партии во изборниот и политичкиот процес ако овде нема некои правила на политичко делување и на одговорност.

И, на крајто за демократскиот централизам, повторно ќе го спомнам несудениот комесар Бути Јоне. Дали тој немал право на сопствено мислење за хомосексуалците и за жените. Одговорот е да. Меѓутоа, тоа размислување има своја политичка консеквента односно одговорност, а тоа се виде во разрешницата. Тој не стана комесар, дури го повлече целиот состав назад во изборот на нова Европска комисија. Значи, тоа се прави во Европа, ние не го измислуваме тркалото на политиката.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ѓорчев, една минута.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Во Праламентот на Република Македонија само привидно политичкото мнозинство припаѓа на политичките партии. Мнозинство во Парламентот на Република Македонија се граѓаните. Во политички демократии каде што во парламентарната политичка демократија мнозинство се граѓаните, а токму госпоѓа Поповска со својата мислечка индивидуалност ги застапуваше граѓаните на Република Македонија во овој македонски парламент, наспроти партиите кои што се многу мало малцинство, ако мерите по рејтингот на партиите во последните 6 месеци. Едноставно, граѓаните се мнозинство и кажаа што мислат во своите анкети. И, на крајот на краиштата госпоѓа Поповска ги застапуваше граѓаните на Република Македонија. И, тоа е вистинска мислечка индивидуалност, не партиска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам .

Повелете г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Јордановски.

Јас сакам да го искажам мојот став по ова прашање. Имено, имам причини да не бидам против, меѓутоа имам причини и да не гласам за разрешување на госпоѓата Лилјана Поповска од потпретседател на Собранието на Република Македонија. Што сакам да кажам, значи, потпретседател на Собранието на Република Македонија заедно со вас како претседател има уште двајца, г-динот Хисни Шакири од ДУИ и госпоѓата Лилјана Поповск аод ЛДП, вие сте претставник на СДСМ, што значи дека се работи за претседателство на Собранието кое што е именвуано од страна на политичките партии кои што се на власт и кои што имаат мнозинство пратеници во ова Собрание.

Тргнувајки од тие причини факт е дека пратеничката Лилјана Поповска ја доби таа позиција како претставник на ЛДП и е суверено право на таа партија да предложи или разрешување или именвуање на потпретседател на Собранието на Република Македонија. Од друга страна не можеме да ја поистоветуваме функцијата пратеник со функцијата член на претседателство на Собрание, претседател и потпретседатели затоа што пратеникот е избран на непосредни избори од граѓаните, а за претседател и за потпретседатели на Собранието се избираат пратеници од редот на пратениците, а по предлог на парламентарните групи на одредени политички партии.

Во случајов имамте предлог кој што произлегува од парламентарната група на ЛДП и тоа треба да се почитува и тоа е она што ме тера и што не можам да бидат против нивното право да си именуваат свој претставник како партија за потпретседател на Собранието на Република Македонија. Со ова мислам дека се согласи и самата потпретседателка затоа што и на претседателството на ЛДП и таа гласаше за разрешувањето, сопствено. Меутоа, од друга страна се согласувам и со нејзинито избор да не даде оставка затоа што тоа значи доследност за нејзините ставови за референдумското прашање, за референдумот, односно за територијалната поделба на Република Македонија, што секако е за поздравување и такви примери се потребни за да можеме да покажеме свое мислење како пратеници, директно избрани од народот, по однос на многу прашања кои што директно ги засегаат граѓаните на Република Македонија и предизвикуваат последици кои што директно се однесуваат на нивното живеење.

Исто така, сакам да кажам дека нема да бидам против разрешувањето на госпоѓата Поповска и од друг аспект, а тоа е аспектот на се она што претставуваше досегашна активност на владеачката коалиција. Имено таа како пратеник на владеачкото мнозинство и како потпретседател на Собранието доследно стоеше зад сите оние законски проекти кои што доведоа до оваа економска катастрофа во која што се наоѓа Република Македонија. Јас не можам заради нејзиниот став кон територијалната поделба да ја амнестирам за сите оние гласања, за сите овие неуспешни влади кои што ја доведоа Република Македонија до ова дереџе во кое што е сега.

Од друга страна нема да гласам ни за разрешувањето затоа што го почитувам, како што кажав и претходно доследноста на ставовите што беа искажани од колешката. Од друга страна, со тоа што покажа национално чувство и чувство за национално достоинство не само за законот за територијална поделба, туку и Законот за државјанство на Република Македонија, навистина покажа дека иако беше дел од владеачката коалиција размислуваше на свој начин и имаше чувство за националните интереи на македонскито народ и на Република Македонија во целина.

Сите тие причини ме наведуваат на тоа да се воздржам од гласање и ова прашање сакам да го оставам да го реши владеачката коалиција односно оние кои што ја доведоа до оваа ситуација со сите оние предлози на закони кои што навистина не само не дозволуваат за различнос на мислење и почитување на различни ставови по однос на конкретни законски проекти, туку доведоа и до тоа

Република Македонија да се наоѓа во една ситуација во која што навистина имаме непочитување на принципот на владеење на правото и имаме ситуации каде што цели територии се без контрола од страна на извршната власт. А, еве гледаме дека и без влада исто функционира Република Македонија и како досега, што значи дека Владата и досега не функционирале и на тој начин неминовно се доведуваме во ситуација да не можеме да бидеме дел од одговорноста за овие состојби кои што се доведоа до овој степен, а како што велеа од владеачкото мнозинство, откако народот судбината ја зеде во свои раце, па се до ден денес се случуваат работи кои што во ниеден сегмент на општественото живеење не ќе може да се оценат како позитивни.

Од тие причинијас сакам да искажам подршка за слободно мислечките луѓе како госпоѓата Поповска, да ги поздравам тие чекори кои таа ги презеде. Од друга страна не сакам да го оспорам правото на ЛДП да си постави свој човек кој што ќе има своја одговорност по однос на функционирањето на Парламентот и одговорност за севкупните состојби во Република Македонија кои што ги има оваа Влада и која што допрва треба да ги носи како своја одговорност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денеска  изгледа е завршницата на неколку месечниот развој на прашањето за моето разрешување од функцијата потпретседател на Собранието. Познавајки го на!чинот на функционирањето во Парламентот и правилата на играта исходот на гласањето по оваа точка го сметам за прилично извесен. Затоа сакам да го искористам поводот да им се заблагодарам за досегашната соработка и добрите колегијални односи што ги оствaривме на претседателот и потпретседателот на Собранието, како и на колегите пратеници. На сите им благодарам на целата подршка и за сите добронамерни укажувања. Посебна благодарност искажувам на колегите од собраниските служби, тука сретнав врвни професионалци, пожртвувани и посветени на својата работа.

Функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија се трудев да ја вршам професионално и одговорно со почитување на Уставот и Деловникот на Собранието. Се трудев да бидам потпретседател на сите пратеници независно кој од која партија доаѓа. Се трудев секому да му дадам можност да се

искаже за што верувам дека низ дијалог се доаѓа до подобри решенија, со толеранција и почитување на различности. Се трудев да помогнам во премостувањето на разликите и постигнувањето консензус секогаш кога оценував се работи за државен интерес.

Ве меѓународното претставување на Рм се трудев да ги промовирам и истакнам сите наши успеси, нашиот потенцијал и човечки ресурси, нашите предности и значење за регионот и пошироко.

Лобирав најдобро што знаев за нашата убава земја која заслужува да биде дел од поширокото меѓународно семејство како рамноправен и почитуван партнер. Како жена се трудев да бидам достоен претставник на својот род свесна  дека и преку моето работење заедно со малуборјните мои колешки на високи позиции ќе биде оценувана способноста на жените за политика и за вршење одговорни функции.

Дали сум била успешна во своите обиди и напори останува да оценат другите, и овде во Парламентот и надвор од него.

Почитувани колеги, за да ги олеснам работите ќе го истакнам следново. Одлуката за моето сменување од страна на колегите од раководството на ЛДП е сосема легитимна. Тие што ме предложија имаат право и да ме отповикаат од оваа функција. Дискусијата што се разви потоа беше поради причината за отповикувањето и верувам дека сите актери во неа независно кој на која страна се наоѓаше дадовме свој скромен придонес  за демократизација на политичката мисла и дејствување во нашето општество.  И за да го заокружам процесот и да ја исполнам својата задача до крај сосема накусо ќе потсетам дека се започна  со издвојувањето на мојот став од официјалниот партиски по прашањето за територијалната организација. Јас не ги подржав двата предложени закони сметајќи дека содржат решенија што се нефункционални, неприродни и силно ја антагонизираат јавноста. Убедена бев дека законите треба да претрпат одредени измени за да бидат по мерка на граѓаните. Откако не успеа парламентарната борба ја подржав граѓанската иницијатива за собирање потписи за референдум и се најдов меѓу 180-те илјади потписници. Подоцна во склад со моите ставови и заложби но и почитувајќи ја институцијата што го распиша референдумот и во која бев потпретседател ја исполнив својата граѓанска обврска и гласав. Тоа го сторив заедно со најмалку 450 илјади свои сограѓани според официјалните податоци. Сите бевме со различна политичка идеологија, обединети околу идејата за похармонична Македонија.

Референдумот не успеал да ги смени законите но како што и очекував даде повеќе позитивни ефекти. Ја подигна граѓанската свест, ги отвори прашањата за демократизација на партиите и ја подобри меѓународната позиција на Македонија. Единствено не се исполни четвртото мое очекување, да ги избалансира и подобри меѓуетничките односи. Но, тоа ќе беше можно при еден поинаков третман на референдумот. На ова прашање ќе треба и понатаму да работиме многу сериозно и трпеливо во следниот период. По се што мина не жалам и не се кајам за ништо. Да имам можност да се вратам назад и повторно да избирам, повторно би го сторила истото.

Почитувани колеги доколку ова Собрание го потврди предлогот на Комисијата за избор и именување за мое разрешување во иднина ќе продолжам да работам како пратеник на ЛДП подржувајќи ја коалицијата. Истовремено си го задржувам правото да бидам критички отворена за сите постапки и предлози што ќе бидат надвор од ветеното во предизборната програма и спротивни на моите лични убедувања. Верувам дека само така ќе работам во интерес на ЛДП, на коалицијата и на Македонија заради која сме верувам сите ние овде .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата

Ве потсетувам дека Собранието разрешува потпретседател на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот м-р Лилјана Поповска да биде разрешена од функцијата потпретседател на Собранието го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратнеици, 62 гласале за, двајца воздржани, 12 против.

Констатирам дека м-р Лилјана Поповска е разрешена од функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија .

Минуваме на точката 17: **Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за потпретседател на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија Собранието избира потпретседател на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес.

Предлогот за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе го образложи претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Каме Петров.

Има збор претседателот на Комисијата Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Јас и во најавата на самата седница на оваа 83-та седница на Собранието на Република Македонија го најавив предлогот кој дефакто е предлог на ЛДП да се изврши избор на потпретседател исто така од редовите на оваа пратеничка група. Според тој предлог, а согласно расправата и од седницата на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата утврдивме еден единствен предлог, а тоа е г-динот Слободан Најдовски. Во прилог на сите овие работи зборуваат и биографските податоци на г-динот Најдовски, а тоа е дека станува збор за релативно млад но искусен човек кој има работено во областа на стопанството. Во еден мандат од 1994 до 1998 бил пратеник на ова Собрание и сега исто така е актуелен пратеник. Значи, тој работел веќе во стопанството, работел и во јавниот сектор, бил пратеник . Па според тоа според согледување на пратеничката група на ЛДП и според согледувањата и ставовите на мнозинството од членовите на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата г-динот Најдовски ги исполнува сите услови да биде потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

И покрај моето мислење за г-динот Слободан Најдовски, јас за жал неможам да гласам позитивно за овој предлог така сликовито ни го објасни претседателот на матичната Комисија, затоа што прво неможам да бидам сигурен во тоа дека ова е предлог на ЛДП, партија која штотуку го смени, односно го иницираше и ја заврши експресно и доста елегантно постапката за разрешување на досегашниот потпретседател, исто како што и поранешниот потпретседател Поповска и понатаму ќе биде дел од парламентарното мнозинство со одредени исклучоци во одредени ситуации. И г-динот Слободан Најдовски за жал поради актуелната политичка клима и во Собранието и воопшто во Република Македонија мошне скоро ќе се најде за жал како колатерална штета на таквите неприродни би рекол односи во Собранието и во Република Македонија. Од тие причини бидејќи помнењето на многумина кои се

обидуваа и во претходната точка и верувам во дел од иницијативата зошто и г-динот Најдовски решиле да биде избран е дилемата кога предлагачите, односно ЛДП ја зборува вистината, дали кога го фалеа Законот за државјанство и поранешниот премиер г-динот Хари Костов, или сега кога г-динот Хари Костов на пример ретерира длабоко од Законот за државјанство кој беше правен токму во времето кога тој беше министер за внатрешни работи. Одтука највеќе би сакал да оваа алузија секако не значи подеднакво исто за сите мои колеги од ЛДП.

Во Собранието ова секако значи пред се на гласноговорникот на ЛДП кој очигледно има мошне кратко помнење, или пак она што тој сака да го постигне, а тоа е напад и да се покаже како поголем СДС-мовец од самите припадници на СДСМ, или пак непринципиелноста на лидерите, односно на водечките личности во СДСМ кои ги сменуваат своите политички ставови многу побрзо отколку што тој самиот е во состојба да ги следи. Одтука за жал, иако велам немам лошо мислење за г-динот Најдовски, не можам да го подржам именувањето за тој да биде потпретседател на Собранието на Република Македонија.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас како што искажав и во дискусијата по однос на разрешувањето, сметам дека легитимно право е на пратениците на ЛДП да предложат кандидат од своите редови кој што ќе биде носител на одговорноста на оваа партија како дел од владеачката коалиција и тоа е дефакто факт кој што не треба да се пренабрегне. Меѓутоа, сакам да укажам на една друга работа, а тоа се однесува на членот 52 од Уставот на Република Македонија каде што се вели дека прописите и другите акти кои што ги носи Собранието на Република Македонија се објавуваат пред да влезат во сила. Значи, ние вршиме избор на потпретседател на Собрание во услови кога решението за разрешување на потпретседателката на Собранието сеуште не е влезено во сила со оглед на фактот дека во “Службен веник на Република Македонија “ согласно член 22 од Уставот сеуште не е објавено тоа решение. Од овие причини сметам дека оваа точка треба да остане за наредната седница кога се надевам до тогаш ќе биде објавено решението за разрешување на потпретседателката на Собранието и ќе имаме легитимен правен уставен основ за да може да вршиме избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Собранието избира потпретседател на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање.

Предлогот пратеникот Слободан Најдовски да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеника, 69 гласале за, еден воздржан, двајца против.

Констатирам дека Слободан Најдовски е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија .

Го молам потпретседателот на Собранието да даде свечена изјава.

Ве повикувам сите да станеме.

(претседателот на Собранието на Република Македонија ја чита свечената изјава).

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

"Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија "

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам потпретседателот на Собранието на Република Македонија да ја потпише свечената изјава.

(потпретседателот на Собранието на Република Македонија Слободан Најдовски ја потпишува свечената изјава).

Аплауз

Дами и г-да пратеници на Слободан Најдовски му го честитам изборот за потпретседател на Собранието на Република Македонија и му посакувам успех во работата.

Би го замолил веднаш да почне со работа и да ме замени.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Процедурално има Ангелка Пеева Лауренчиќ.

АНГЕЛКА ПЕЕВА -ЛАУРЕНЧИЌ:

Од име на пратеничката група на ЛДП барам пауза од 15 минути.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Објавувам пауза од 15 минути.

(По паузата)

Со седницата продолжи да претседава потпретседателот на Собранието Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да продолжиме со работа. Пред да продолжиме со работа со оглед на тоа што колешката Пеева Лауренчиќ побара пауза и јас сакам да ја изразам својата благодарност кон сите оние кои што ме поддржаа и гласаа за мојот избор за потпретседател на Собранието на Република Македонија и да си посакам себе си, а и вас сите заеднички успешна работа во понатамошниот тек.

Пременуваме на втората точка со оглед на тоа што сега беа 16-та и 17-та точка на дневен ред, сега се враќаме повторно на Втората точка.

**Минуваме на точка два - Предлог за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање молам службите да го утврдат точниот број на пратеници дали имаме кворум за работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Сега, мислам дека имаме кворум, но за секој случај молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Со оглед на тоа дека имаме кворум, сега Предлогот Невена - Крцковска Малиновска да биде избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 63 пратеници.

60 пратеници гласаа за,  против нема, воздржани нема.

Констатирам дека Невена Крцковска Малиновска е избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

На госпоѓата Невена Крцковска Малиновска да и го честитаме изборот од мое и од ваше име.

**Минуваме на точка три - Предлог за избор на судии на апелационите судови во Скопје и Штип.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Катерина Оровчанец - Грачанец да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Катерина Оровчанец - Грачанец да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пауза)

(По паузата)

Бидејќи, со техниката сега е се во ред, предлагам да продолжиме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салта и да го утврдиме кворумот.

Ги молам службите да го утврдат кворумот.

Со оглед на тоа што сега имаме доволен број на пратеници во Собранието, расправата беше заклучена и Предлогот Катерина Оровчанец - Грачанец да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници кои гласале, 62 гласале за, нема против, 1 е воздржан од гласање.

Констатирам дека Катерина Оровчанец - Грачанец е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

На госпоѓата Оровчанец - Грачанец од свое и ваше име и честитам на изборот.

Отворам претрес по Предлогот Драгица Сапунџиева да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Драгица Сапунџиева да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, 68 гласале за, 2 се воздржани, против нема.

Констатирам дека Драгица Сапунџиева е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по Предлогот Благој Дамјански да биде избран за судија на Апелациониот суд во Штип.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Којзеклиска Марија, повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам потпретседателе.

Конкретно, оваа точка се однесува за избор на еден судија во Апелационен суд во Штип и Републичкиот судски совет од пријавените 22 кандидати го предлага господинот Благој Димитар Дамјански за судија на Основен суд Радовиш.

Во кратката биографија која ни е дадена во предлогот од Републичкиот судски совет стои дека господинот дипломирал во 1975 година во Скопје. Работи во Јака - Радовиш како референт. До 1983 година работи како секретар во Јака - Радовиш, па во 1985 година е именуван како секретар на Собрание на општина Радовиш. Во општинскиот суд Радовиш избран е за судија во 1985 година и функцијата ја врши до 1993 година. Од 1993 година до 1996 година работи како адвокат во Радовиш, а од 1996 година е избран за судија на Основниот суд во Радовиш. Судската функција ја врши на високо професионално ниво, согласно она што е напишано и покажува завидни резултати во сите оддели на судот каде што работи. Активно учествувал господинот на семинари и симпозиуми и се служи со англискиот јазик. При утврдување на предлогот земени се предвид позитивните мислења на судовите од сите инстанци. Вкупен работен стаж 27 години и 4 месеци има господинот Благој Дамјански. Само да потсетам дека ние на некоја од претходните седници имаше и друг предлог за судија во Апелациониот суд во Штип и тој истиот предлог не помина. Предлогот, колку што се сеќавам, беше од Основниот суд од Струмица, сега имаме од Основниот суд од Радовиш. Меѓутоа, од сознанијата кои јас ги имам за господинот Дамјански сметам дека имало од пријавените 22 кандидати, секако, луѓе со многу поголемо искуство и многу подобри резултати во нивното работење, отколку предложениот кандидат Благој Дамјански. Исто така, ако не знаат колегите кои го предложиле или кои лобирале господинот да биде судија на Основниот суд Радовиш, според сознанија кои ги имам, господинот Благој Дамјански и како досегашните сите судии кои ги имаме избрано, сепак, има определено политичко влијание во неговиот предлог, а веројатно ќе биде и во

неговиот избор и пак се враќаме на основното прашање, а тоа е партизацијата која ја вршиме ние во судството. Колку што сите пратеници се информирани и постои стратегија за реформи во судството. Тоа е едната работа.

Втората работа, во медиумите се појави определен натпис во кој се велеше дека судиите со 52 години ќе бидат пензионирани како стаж, како години на старост, значи ќе бидат пензионирани и сега во самата таа стратегија за реформи во судството сметам дека Републичкиот судски совет нема изградно критериуми, покрај оние кои се предвидени со Законот за судови и оние минимум критериуми кои треба да ги има кандидатот за избор на судија, сметам дека и факултативните критериуми треба да бидат земени предвид, со оглед на тоа дека ни претстои реформа, сериозна реформа во судството. Најголемата забелешка која имам до Републичкиот судски совет е, ние немаме утврдено дали на нас ни треба во Република Македонија кои имаат над 20 години работно искуство. Прва варијанта. Дали нам ни требаат кандидати млади кои ќе го понесат на својот грб товарот на реформите во судството или ние треба да правиме комбинација од овие две варијанти. Искуство со младост. Од сите овие предложени кандидати, иако ние поединечно ќе ги минеме, најголемиот број имаат над 20 години работно искуство, има и некои кои се со 6 години работно искуство, има и адвокати. Јас не знам, претставникот на Републичкиот судски совет можеби ќе каже која е причината и адвокатите да стануваат судии, со оглед на тоа дека таа функција е одвоена и е како посебен дел за фаќа во правниот систем во Република Македонија, вклучително и колегата кој е предложен за судија на Апелациониот суд во Штип, кои се критериумите адвокатите да бидат предложени за судии ако се земе предвид дека, ќе повторам, нам ни следи сериозна реформа во судството. Адвокатската профисија си е адвокатска професија. Судската функција си е судска функција. Ние некако ги имаме испомешано лончињата во тој дел. Можеби ќе направам мала дигресија, не е претседателот на Собрание тука, меѓутоа, имаме и за Основниот суд во Тетово предложено виш соработник во Министерството за финансии, кој од почетокот на своето вработување работи во Министерството за финансии, во Управата за имотно - правни работи и сега после 10 години искуство ...

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска зборувајте за предлогот кој што го имате пред вас и за кој што се однесува оваа дискусија. За другите кандидати потоа ќе зборуваме.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Мала дигресија, ве предупредив почитувам потпретседателе дека така ќе направам. Значи, она што се предлага со оглед на тоа дека нам, потпретседателе, целиот предлог ни е оддеднаш даден од Републичкиот судски совет, вклучително и господинот Благој Дамјански. Уште еднаш ќе кажам, можеби од пријавените 22 кандидати имало луѓе судии кои многу повеќе ги исполнуваат условите да бидат избрани. Се работи за Апелационен суд на едно подрачје од источна Македонија, каде искуството исто така е важен сегмент во решавањето на споровите и реформата која, ќе спомнам, реформата која ни следи во судскиот систем.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам и на вас.

Прво, претседателот на Судскиот совет на Македонија, госпоѓа Софрониевска.

ЛЕНЧЕ СОФРОНИЕВСКА:

Јас во една прилика објаснував на кој начин Републичкиот судски совет го утврдува предлогот за избор на судија. Ќе морам да го повторам, кратко. Методологија на работа е воведувана 6 месеци во овој состав на Републичкиот судски совет. По поднесувањето на пријавите на сите кандидати кои што ги исполнуваат условите, независно каде се вработени, се бара мислење од страна на Судскиот совет за кандидатите што конкурираат, за судиите од судовите, за адвокатите од Адвокатска комора, за другите вработени од нивните старешини.

Стратегијата за реформи на судството предвидува нов начин на избор на судии. Јас не би елабоирала на таа линија, заради тоа што стратегијата претстои.

Во моментот ние ќе го почитуваме Законот за Републички судски совет односно првенствено Уставот на Република Македонија  кој што ги дава ингеренциите за предлагање на кандидати за судии пред Собранието на Република Македонија, исклучиво по сопствено убедување врз основа на резултатите на кандидатите кои што се јавуваат на конкурсот. Не исклучувам дека можеби има и подобри кандидати за кои што сега се произнесуваше госпоѓата пратеник и јас тоа не го спорам. Меѓутоа, во моментот тоа што го покажале како резултат пријавените кандидати, а ние сме го добиле како предлог од судот каде што се наоѓа судијата, од повисокиот суд, како и од општата седница на Врховниот суд не довело до предлог на кандидат за кој што сосема легитимно може да се јави и да биде предложен како кандидат за судија пред Собранието на Република Македонија. Јас повторно ќе мора

да нагласма дека Републичкиот судски совет воопшто не го тангира при одлучувањето кој кандидат на која провиниенција припаѓа. Ние ги гледаме резултатите на кандидатите што се јавуваат и предлозите на повисоките судови, особено на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија.

Кандидатот од Радовиш за кој што исто така пратеничката се произнесе дека е роден во 1951 година, не можам да го прифатам како објективно, заради тоа што претходните две колешки што беа избрани пред само десетина минути се постари од него, а се работи за судија во повисок суд, а не се работи за судија кој што прв пат се јавува во суд за да ги гледаме годините.

И, за да не останам кратка на јавноста, јас навистина на Собранието би му препорачала пратениците да не се служат со поодделни текстови во весници за наводно пензионирање на судии кои имаат над 50 годишна возраст, бидејќи според тоа што сум јас информирана мислам дека сум прилично информирана заради тоа што бев еден од учесниците во изготвување на реформата на правосудниот систем. Ваква работа воопшто не држи ниту пак е предвидена во стратегијата. Не треба со вакви работи да ги користиме јавните гласила и на говорница заради тоа што веќе во судството е внесен немир кај судиите. Доколку е тоа точно тогаш да сметаме дека Врховниот суд на Република Македонија ќе остане со еден судија, што не е точно. Ви благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Прво, за реплика се јави госпоѓа Којзеклиска. Со оглед на тоа што предлагачот има право во секое време да се јави за дискусија, дали сте вие за реплика на госпоѓа Којзеклиска прво да и дадеме збор.

Госпоѓа Којзеклиска има реплика на госпоѓа Софрониевска, а после тоа господин Камчев.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Прво, би сакала да укажам на фактот дека воопшто не ја спомнав годината на раѓање на господинот Дамјански, туку почнав од кога дипломирал господинот на Правен факултет. Значи, погрешен навод на претседателот на Републичкиот судски совет и самиот во делот на тоа што кажа дека не ја исклучува можноста дека има и поквалитетни кандидати. Меѓутоа, од досегашното искуство ние како Парламент видовме дека кандидатите мора да бидат блиски до определена политичка опција, да поддржуваат определена политичка опција и во тоа никој не може да ме разубеди, апсолутно никој, најмалку претседателот на Републичкиот судски совет.

Третата варијанта не е на претседателката на Републичкиот судски совет да кажува дали и што треба да зборува пратеникот во Собранието. Што ако се случи наводите кои се дадени во медиумите да бидат точни. Тогаш кој ќе ги кажува невистините.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господинот Никола Камчев има реплика на претходната дискусија на госпоѓа Којзеклиска.

Повелете господине Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Господине потпретседателе,

Јас само сакам да и реплицирам на госпоѓата Којзеклиска за две работи.

Прво, мислам дека ги измеша лончињата и зборуваше контрадикторни работи, прво дека треба да бидат искусни, а после треба да бидат млади. Млади и искусни нема. Тоа е едната работа.

Второ, на која политичка провиненција припаѓа. Тврдам,дека господинот Дамјански не припаѓа на ниедна политичка опција, тврдам дека не е член на СДСМ, ако на тоа се алудираше. Меѓутоа, сметам дека е нормално од потоење на апелација Штип, во оваа апелација немало судија од Радовиш. За да биде чесно од госпоѓа Којзеклиска, требаше и таа да потврди, односно да се согласи дека и од Рдовиш треба да има еден судија во апелациониот суд во Штип.

Затоа сметам дека господинот Дамјански повеќе од било кој ги исполнува условите да биде предложен и избран за судија во Апелациониот суд Штип.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска повелете имате една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Наодите на господинот Камчев, погрешно кажаните наоди да ги допрецизирам, јас реков дали РСС и Министерството за правда во реформата која сакат да ја спроведат во суството имаат одбрана варијанта. Прво, искусни, второ, треба да бидат млади и третата варијанта миг помеѓу искуството и младоста. Тоа колегата не го слушнал, еве да му дообјаснам. Имаме млади и искусни.

Во вториот дел во однос на тоа дека судија требало да биде од Радовиш, претседателката на РСС рече дека сепак на РСС му се битни мислењата кои ги добиваат соодветните институции, независно дали го покрива подрачјето Штип.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас само ќе кажам кратко за госпоѓата Ленче Софрониевска, тоа е во ред што кажувате, пратениците да не ги цитираат оние наоди кои што излегуваат во дневниот печат и кои што се пренесуваат преку средствата за информирање. Исти вакви изјави имавме од многу министри, од директори на јавни претпријатија, но за жал сите тие цитати после тоа станаа вистини.Дали ќе се случи ќе покаже времето и тоа многу брзо. Ако сакате да ги смирите судиите, тоа е друга работа, но мислам дека начинот на кој што ова ќе го кажете треба да застанете зад тоа, многу тешко се случуваат такви работи.

Во однос на она што пред малку и колешката Којзеклиска говореше, јас само пред половина час, мојот колега пратеник, сега потпретседател на Собранието, Слободан Најдовски,од претседателот на матичната комисија за избори и именувања, беше претставен како млад и искусен. Сега незнам што тука одиме во ситуација да бидеме многу спорни, само после половина час од неговиот избор. Мислам дека ктогаш беше она што сите го посакуваме, млад и искусен, а сега не можело да биде. Или ќе биде млад, или ќе биде искусен. Сега незнам дали изборот е во ред, или имаме некој друг проблем тука. Мислам дека нема. Мислам дека само прет половина час, еве можеме и стенографски белешки да побараме дека господинот Слободан Најдовски е избран токму поради тоа што е млад и искусен.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам пртресот.

Предлогот Благоја Дамјански да биде избран за судија на апелациониот суд во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 60 гласале за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Благоја Дамјански е избран за судија на Апелациониот суд во Штип.

**Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Дебар.**

Предлогот ви е доставен

Отворам претрес, молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Ештреф Буфи да биде избран за претседател на Основниот суд во Дебар, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 68 за, 1 воздржан нема против.

Констатирам дека Ештреф Буфи е избрљан за претседател на Основниот суд во Дебар.

**Предлог за избор на судии на Основните судови во Битола, Гостивар, Крива Паланка, Куманово, Прилеп, Радовиш, Скопје 1 - Скопје, и Тетово.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Бошко Богдановски, да биде избран за судија на Основниот суд во Битола.

Молам, кој бара збор? (Ниокој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот Бошко Богдановски да биде избран за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 66 за, нема воздржани и 1 против.

Констатирам дека Бошко Богдановски е избран за судија во Основниот суд во Битола.

Отворам претрес по Предлогот Лилјана Чочковска да биде избрана за судија на Основниот суд во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лилјана Чочковска да биде избрана за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника, 68 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Лилјана Чочковска е избрана за судија на Основниот суд во Битола.

Отворам претрес по Предлогот Неџат Мемеди да биде избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Неџат Мемеди да биде избран за судија на Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 63 гласале за, нема воздржан, 2 против.

Констатирам дека Неџат Мемеди е избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Отворам претрес по Предлогот Млаѓан Митовски да биде избран за судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Млаѓан Митовски да биде избран за судија на Основниот суд во Крива Паланка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеника, 9 гласале за, 1 воздржан, 60 против.

Констатирам дека Млаѓан Митовски не е избран за судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Отворам претрес по Предлогот Анкица Аргировска да биде избрана за судија на Основниот суд во Куманово.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, сакам да искажам едно чудење од непочитувањето на ставовите и предлозите на РСС.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски зборувајте за конкретниот предлог, а ако се чудите, тоа е само доказ дека РСС е независен во своите предлози и не е под влијание на мнозинството овдека.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Може ли да продолжам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не можете ако дискутирате за чудење.

Дискутирајте за кандидатот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Имајќи предвид дека изборот на судии, како што е конкретниот случај за избор на судија во основниот суд во Куманово претставува исклужива надлежност на Собранието, меѓутоа, по предлог на РСС, ние во материјалите кои што ги добивме за избор на судии добивме и биографии на лицата кои што се предложени за судии

на овие основни судови, односно конкретно за лицето Анкица Аргировска која што е стручен соработник во Основниот суд во Куманово.

Јас би го поздравил РСС во однос на една практика која што ја има и во однос на другите предлози, а тоа е при изборот на судии да води сметка тие да потекнуваат од редовите на стручните соработници на судовите, што значи да бидат запознаени со текот на работата на судовите и на тој начин многу лесно да почнат да ја обавуваат судиската функција.

Меѓутоа, фактот што ние имаме случаи во кои што долг временски период се отворени места во определени судови, како што е случајот и за основниот суд во Куманово, каде што сега се врши избор, после спроведената постапка по основ на огласот, па спроведената постапка пред РСС и доаѓање до предлог во ова Собрание, сега фактички, со начинот на нашето изјаснување по однос на овие предлози, единствено што можеме да направиме е тоа да ја вратиме таа постапка од почеток, што ќе значи директно нарушување на нормалното функционирање и работење на судовите во Република Македонија и на тој начин директно се имплицира застој во однос на спроведувањето на процесните дејствија и постапки во судовите, со што директно се создава една ситуација во која што се зголемува, бројот на предмети и се одложуваат постапките по одредени предмети.

Заради овие причини сметам дека стручниот соработник Анкица Томислав Аргировска од Куманово треба да биде изгласан, не заради тоа што можам да претпоставам за какво лице се работи, затоа што лично не ја познавам, мутоа поради фактот и принципот кој што треба овдека да го имаме како парламент, имајќи го предвид и фактот дека директно ја искажува нашата реална волја за спроведување на реформите во судството или волјата да се влијае од страна на политичките партии во изборот на судовите, сметам дека ќе не врати многу назад и ќе покаже дека ние како парламент, како претставници на политичките партии, претставници на граѓаните, имајќи предвид дека РСС побарал мислење за овие предлози од решените во судовите на овие лица, побарал мислење од повисоките судови, истовремено работи по методологија на работа која што утврдув критериуми за избор на судии, ние како парламент, не можеме ништо да кажеме, освен да ја почитуваме таа волја, иако јас сметам дека самата позиција на РСС не е така изградена да може да се врши објективен реален и целосно независен избор на судии и дека тука треба да има што е можно поголемо влијание на судиската фела во тој избор.

Меѓутоа, тоа ќе биде предмет на расправа по однос на судските реформи, чија стратегија е веќе донесена и заради тоа сметам дека неизгласувањето на судии или непочитувањето на предлозите кои што се дадени од страна на РСС нема да значи ништо друго туку дерогирање на целокупната активност во РСС и на тој начин ќе се покаже дека изборот на судиите, не е ништо друго туку политички договор на мнозинството во ова Собание кое што треба да одлучи, со оглед на политичката подобност на предложените лица, дали тие треба или не треба да бидат судии. Заради тоа, имајќи предвид дека потребата за основниот суд во Куманово треба да се има предвид, треба да се има предвид целокупната досегашна активност на РСС по однос на доаѓањето до предлог за избор на судија на Основниот суд во Куманово, треа да се прифати овој предлог како и сите други предлози. Мене ми е жал што претходниот не беше прифатен и на тој начин да покажеме една политичка волја за создавање на една позоција на еден независен орган кој што ќе има директно влијание од судиската фела и на тој начин Ќе ги направиме оние почетни чекори по реализацијата на основната цел во наредната година, а тоа е создавањето на услови за реформа на дускиот систем во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Анкица Аргиуровска, да биде избрана за судија на Основниот суд во Куманово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 10 гласале за, 1 воздржан, 56 против.

Констатирам дека Анкица Аргировска не е избрана за судија на Основниот суд во Куманово.

Отворам претрес по Предлогот Јане Тренчевски, да биде избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Јане Тренчевски, да биде избран за судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 20 гласале за, 3 воздржан, 42 против.

Констатирам дека Јане Тренчевски не е избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

Повелете г-дине Макрадули имате процедурално.

ЈАНЕ МАКРАДУЛИ:

Почитуван пртседателе, се извинувам, бидејќи се приближува 17,00 часот, а денеска поради технички причини, два пати имавме пауза од 15 минути, што не беше вина на нас пратениците, а сакаме денеска да поработиме, ако може до 17,30 часот, го даам овој предлог, согласно член 64 од Деловникот за работа, став 4, каде што Собранието може да одлучи и поинаку. Еве предлагам до 17,30 часот да ги завршиме овие точки за избор денеска до точката 18.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот да се работи до 17,30 часот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 56 за, нема воздржани 2 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во моментот на гласање беа присутни 68 пратеника, што значи дека ќе работиме половина час повеќе.

Отворам претрес по предлогот Лила Цветановска да биде избрана за судија на Основниот суд во Радовиш.

Молам, кој бара збор?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Навистина немав намера да зборувам по однос на оваа точка, само да се разбереме веднаш на почетокот, значи точката е сите овие судии што ги гласавме е една точка и сега немојте да ме опоменувате зошто зборувам за Крива Паланка итн., бидејќи е една точка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е точно, бидејќи претресот е за судијата Лила Цветановска, и ве молам да се држите за тој предлог.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претресот е за неа, меѓутоа, точката е за сите судии и ако општо и начелно се зборува, треба нешто да се каже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г-дине Караџоски. Да ви го прочитам уште еднаш насловот.

Отворам претрес по Предлогот Лила Цветановска да биде избрана за судија на Основниот суд во Радовиш.

Значи имавме претрес по конкретен судија.

Ве молам, држете се за тоа.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, претседателе така нека биде. Бидејќи како што е тргнато, најверојатно и овој предлог нема да биде прифатен а за запознавање на јавноста не е лошо барем биографијата да ја прочитаме, да знаат луѓето кои гледаат, зошто овие судии не се бираат, односно овие предлози не се гласаат.

Инаку, сакам со една реченица да кажам Прилеп ја имаше судбината по трет пат да не избере судија и додека СДС тешко и да избере. Можеби ме чекаат мене претседателе да се кандидирам како судија.

За конкретниот предлог значи Лила Благој Цветановска, вработена како стручен соработник во Основниот суд во Радовиш има вкупно работен стаж 11 години и 6 месеци. Ова не случајно го кажувам, затоа што ќе се постави прашање, со оглед на тоа како што е тргнато, очекувам и овој предлог нема да биде прифатен. Ако и претходните имаат стаж колку што е потребно РСС да ги предложи, а не е само стажот критериум, туку и нешто друго, сигурно дека РСС ги ценел сите оние кои што на некој начин конкурирале и од толкав број одбрал еден кандидат. Само за потсетување за судија во Основниот суд во Радовиш, објавен е оглас во Службен весник со Одлука на Собранието на Република Македонија за избор на еден судија и на тој оглас се пријавени 11 кандидати. Од тие 11 кандидати, согласно законот.

Републичкиот судски совет ни предлага еден единствен кандидат, што е и законска обврска и тоа во ликот на Лила Благој Цветановска, која досега била стручен соработник во Основен суд во Радовиш. Не би сакал да влијаам, што еве сега зедов збор како опозиција, па доколку го фалам кандидатот да не излезе затоа да не го гласа позицијата, значи, веднаш се дистанцирам од одговорност, само сакам да укажам дека ова што Републичкиот судски совет од 11 кандидати избрал еден говори за тоа дека Републичкиот судски совет ги ценел сите критериуми врз основа на што дошол до својата одлука.

Сега, како овде пратениците се изјаснуваат, многу малку дури и се чита биографијата, јас би зборувал за таа намера затоа што мислам дека овде голем број ја нема прочитано, еве да ја прочитам: “Лила Благој Цветановска родена е на 3.02.1966 година во Радовиш. На Правниот факултет во Скопје дипломирала 1990 година, а од 1991 до 1992 година волонтира во Општинскиот суд за прекршоци -

Радовиш. Од 1993 до 1995 година вработена била во Земјоделска задруга Радовишанка како секретар во правната служба”. Значи, ова што го читам не е за занемарување, зборува за континуитет во смисла на она што законот бара, да има работно искуство во службата, поточно она што е квалификувано. Од 1995 година до 1998 година работела во ПОС Конкорд во Радовиш, во правната служба. Потоа доаѓа правосудниот испит, кој што е обврска, го положила во 1997 година, а во 1998 година е вработена како стручен соработник во Основниот суд во Радовиш. Од 1998 година наваму и понатаму е стручен соработник.

Републичкиот судски совет ова што ни го дава како образложение напоменува дека ова што ни го дава дека работела како стручен соработник во сите оддели во Судот, а воедно извршувала работи од доменот на ингеренциите како секретар на Судот.

Понатаму се зборува дека во текот на работата покажува особено позитивни резултати, како резултат на што е оформено позитивно мислење од Основниот суд Радовиш, Врховниот суд на Република Македонија, исклучително Републичкиот судски совет.

Вака прочитаната биографија можеби не зборува ништо, меѓутоа очигледно е дека постапката согласно Законот е спроведена. Значи, за конкретниот кандидат покрај оние услови што треба да ги исполнува, законски, во смисла на образование, во смисла на стаж се кажува дека како волонтер, како стручен соработник ги поминала сите оддели во Судот, што значи дека е обучена и оквалификувана за сега кога ќе ја избереме, доколку се измилостиви парламентарното мнозинство, дека конкретниот предлог може успешно да ја обавува таа функција која сега и се доверува, односно судија.

Дека Републичкиот судски совет не ги вади предлозите од ракав и дека Републичкиот судски совет води сметка за процедурата и да најде соодветно решение односно соодветен предлог кој е најадекватен, зборува и тоа што мислењето кое со закон исто така е должен да го даде Основниот суд во Радовиш каде што работела како стручен соработник, потоа Врховниот суд, седницата на Врховниот суд се идентични со ставот на Републичкиот судски совет, што зборува дека целата процедура и сите оние кои што учествувале во предлагањето, односно во давањето мислење по однос на конкретниот кандидат е позитивно.

Доколку се случи овој кандидат да не биде изгласан навистина не можеме да кажеме и не се знае зошто. Што е причината кога претходно овде, цело време зборувавме дека треба да го департизираме судството, треба да немаме влијание

како политички субјекти и тн. и тн. во смисла на третата власт, независна власт и тн., ако сето ова кажано во биографијата не значи или и ако 11 години и 6 месеци поминати во работа во суд односно таму каде што треба да биде судија, јас навистина не знам што би била причина да не се поддржи, односно да не се изгласа конкретниот кандидат, освен ако, еве, неуспеав да ги убедам, што чисто се сомневам.

Според тоа, ова што сега го зборувам за конкретниот кандидат зборува за процедура која и кај претходните исто така, и, затоа постои овој страв кој што сега го кажувам, значи дека постои можност да ги гласаме како што ќе ни текне независно од она што ни се нуди. И ако навистина се декларираме дека сакаме судската власт да го добие она место кое што го има не гледам навистина пратениците да изигруваат Републички судски совет во втор степен со тоа што одлуките, решенијата и предлозите на Републичкиот судски совет да ги преформулираат со тоа што не ги гласаат.

Да ви кажам искрено почитувани колеги, на секој предлог на Републичкиот судски совет кој што е, ќе напоменам, образложен, каде што во постапката се гледа очигледно дека сите кандидати се квалификувани да работат и ги исполнуваат условите за ова што сега се предлага, значи со секое гласање против не само што не ги гласаме конкретните лица туку на индиректен начин му кажуваме и на Републичкиот судски совет очигледно дека и за нас не знае да работи. Е, како не знае да работи, најверојатно затоа што не ја почитува волјата на парламентарното мнозинство, на владеачката партија. Ако е тоа целта, мислам дека Републичкиот судски совет воопшто нека не поднесува предлози, односно тоа нека го прави Јани Макрадули како координатор на СДСМ, односно на пратеничката група на СДСМ. Бидете сигурни дека тогаш сите ќе бидат изгласани иако во последно време не сум толку сигурен, може да му се случи и нему некој предлог да го превиди.

Ако со Устав сме формирале независен орган, а од она што можеме да го прочитаме како стратегија на Владата за што треба да се разговара и со опозицијата да формираме некој орган кој што нема да ја става позицијата на Собранието над него во смисла на избори и разрешувања на судии, тогаш навистина треба да знаеме односно да мислиме кога гласаме. Да не обојуваме се политички, да не му даваме таков призвук. Повторно ќе повторам со секое притискање на копчето секој од овие кандидати, секој што е предложен доколку не се гласа, тоа е индиректно недоверба на Републичкиот судски совет.

Треба ли да ги потсетувам пратениците особено на СДСМ дека токму Републичкиот судски совет е избран, знаат тие на кој начин, знаат со чија поддршка и како е тоа направено. Кога беше претходниот Републички судски совет за кој што сметам дека е неуставно разрешен, се зборуваше дека тој е некомпетентен да предлага судии, дури и тоа дека не биле квалитетни да ни даваат предлози. И, беа толку убедени пратениците на парламентарното мнозинство дека со овој нов Републички судски совет сега нема да имаме проблеми. Не гледам дека е така по она што сега овде го гледам.

Три пати Републичкиот судски совет предлага кандидат во Прилеп и три пати се гласа против. Како е тргнато уште 33 пати да предложи уште 33 пати ќе биде така. Најверојатно е почитуван претседателе ако вака се продолжи нема да ме чуди доколку на една од наредните седници да добиеме предлог за разрешување на претседателот на Републичкиот судски совет, затоа што доколку вака се гласаат предлозите верувајте дека тоа и ќе го заслужи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот Лила Цветановска да биде избрана за судија на Основниот суд во Радовиш го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 за, 1 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Лила Цветановска е избрана за судија на Основниот суд во Радовиш.

Отворам претрес по предлогот Мирјана Смиљкова да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје И - Скопје.

Ве молам, кој бара збор?

Има збор господин Караџоски.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Се надевам претседателе ќе бидам многу убедителен.

Имаме слична ситуација, претседателе, еве не дискутирам, слушам дека ќе гасаат за, и се откажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, предлогот Мирјана Смиљкова да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје И Скопје го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 61 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Мирјана Смиљкова е избрана за судија на Основниот суд Скопје И  Скопје.

Отворам претрес по предлогот Весна Димишкова да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје И  Скопје.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот Весна Димишкова да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје И  Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 61 за, воздржани нема, 3 против.

Констатирам дека Весна Димишкова е избрана за судија на Основниот суд Скопје И  Скопје.

Отворам претрес по предлогот Ќани Абдули да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ќани Абудли да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 за, воздржани нема, 1 против.

Констатирам дека Ќани Абдули е избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Отворам претрес по предлогот Дрита Мемети да биде избрана за судија на Основниот суд во Тетово.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Хусеинџевад.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Сакам накратко да кажам зошто сум против овој предлог. Работата на кандидатката во регионалното Министерство за финансии не го оправдува нејзиното именување за судија. Нејзината работа како член на Комисијата за денационализација исто така воопшто не го оправдува ова затоа што во Тетово има околу 800 или 1000 документација за две три години по ред и ништо не се решава, и тоа навистина е нејзина вина. Мислам дека и таа е одговорна за тоа.

Второ, нема никакво искуство, нема искуство ниту еден ден во судството, нејзината возраст е околу 50 години или над 40 години возраст. Мислам кога Ќе се оспособи да биде добар судија ќе се пензионира.

Како граѓанка на мојот град мислам дека нема кредибилитет и авторитет за да ја врши оваа функција која што е доста деликатна и да ја врши успешно, така како што ние очекуваме да функционира и се надеваме да функционира судството во Македонија. Затоа ќе бидам против овој предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидеји никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Дрита Мемети да биде избрана за судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 9 за, воздржани 3, 46 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека гласањето е валидно, односно дека Дрита Мемети не е избрана за судија на Основниот суд во Тетово.

**Минуваме на 6 точка - Предлог за избор на судии и поротници на Основниот суд Скопје И Скопје.**

Предлогот ви е доставен, отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Процедурално, повелете господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине Јордановски ние го добивме предлогот за избор на судии и поротници, тоа е еден подолг список на личности кои што треба да бидат избрани за поротници во судовите, меѓутоа факт е дека ние не можеме него да го гласаме во пакет, затоа што на тој начин ни се скратува правото како пратеници за еден предлог

да гласаме за, а за друг да гласме против. Што значи дека навистина мора да се гласа поединечно по однос на сите предлози.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине, точката на дневен ред е единствена и ние не можеме во пакет,

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ние не можеме во пакет, зборуваме за именувања на судии и поротници, не за вкупен број, туку за поединечно именување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е прв пат да гласаме судии поротници, не гледам зашто сега се случува ова.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ако имаме забелешка за одредени личности како тоа да го направиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кажувајте ги забелешките за тие личности и можеби ќе го разубедите парламентарното мнозинство па да гласа против токму поради тие личности.

Повелете, ако сакате земете збор, ако не има збор господинот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседтеле, се работи за процедура. Досега за разлика од другите судови низ Република Македонија каде што бројот на судии и поротници се движеше некаде меѓу 20 до 50 личности за кои што ние тука гласавме. Јас како пратеник не можам ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам колеги, баравме да работиме половина час повеќе, ако не можеме дисциплината да ја почитуваме, тогаш да прекинеме, премногу сме гласни.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Очигледно дека се барало само да се поминат точките, а да се работи малку потешко.

Тука имаме два предлози кои сигурно колегите пратеници ги видоа, но не гледам кој е сега тука предлагач на овие кандидати, и треба да ни објасни доколку имаме прашања, како што и самите кажавте за одреден број на луѓе кои што треба да бидат...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски во право сте, поканети се претседателите на судови, еве не се дојдени, во тој случај овие две точки ќе ги прескочиме.

Значи, шестата и седмата точка ќе ги прескочиме.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ова ќе продолжи и другиот пат, мислам дека имам доста забелешки, за судиите, не знам дали ќе може да ни објасни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

**Минуваме на точка 8 - Предлог за разрешување на претседател на Основниот суд во Кичево.**

Го молам претставникот на Републичкиот судски совет да влезе во салата.

(Претставникот на Републичкиот судски совет влегува во салата).

Предлог за разрешување на претседател на Основниот суд во Кичево.

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

Повелете господине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, клеги пратеници, со изборот завршивме. Почнуваме со разрешување.

Предлог имаме за разрешување на претседател на Основниот суд во Кичево и тоа за господинот Кирил Миладиновски, од функцијата претседател на Основниот суд. Значи, да нема забуна господинот Кирил Миладиновски се предлага да се разреши од функцијата претседател, значи не од судија, само од функцијата претседател.

Г-динот Кирил Миладиновски се предлага да се разреши од функцијата претседател, значи, не од судија, само од функцијата претседател. Она што овде го добивме како предлог со образложение од страна на РСС мислам дека и предлагачот преку претседателот на РСС требаше да даде барем уводно излагање, затоа што не е едноставно кога се разрешува особено претседател на суд едноставно да се прекути и да се остави само на чинот на гласање, сепак треба да се кажат некои работи каде Собранието врз основа на својата уставна функција

треба да го разреши г-динот Кирил Миладиновски. Од она што имаме можност да го прочитаме и видиме во образложението причината е една согласно Законот несовесно и нестручно работење, меѓутоа тоа е генерално. А ако гледаме врз основа на што е нестручното и несовесното вршење на функцијата, во образложението стои дека претседателот на Основниот суд во Кичево г-динот Кирил Миладиновски фактички се терети за злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 од Кривичниот законик и кривично дело фалсификување службена исправа од член 361 од Кривичниот закон, врз основа на известување од обвинителството. Меѓутоа, понатаму во образложението се зборува дека во РСС се доставени извештаи односно информации, или она што е покренато од страна на обвинителството, да напоменам дека пресуда сеуште нема. И ако се чита внимателно образложението се истакнува дека најголем терет на господинот Кирил Миладиновски е тоа што заснивал работен однос со склучување на договор за работа со лица спротивно на Законот кои што биле вработени како стручни соработници со тоа што претседателот на судот потпишал договор за работа како и обрасци, изготвил образец М-2 и ги пријавил во Бирото за вработување а се утврдило дека наводно овие лица кои што биле вработени немале положено правосуден испит, туку истиот го положиле 2003 односно 2004 година, значи по заснивањето на работниот однос. Тоа би било она несовесното работење, а за нестручното не гледам некое посебно образложение, иако во образложението од страна на РСС никаде не се кажува и не се објаснува каде е тоа, односно врз основа на кои инкриминации може да се потврди дека станува збор и за фалсификување на исправи согласно членот од Кривичниот законик. Она што пак е нејасно ако се утврди, односно веќе е утврдено од страна на РСС дека конкретниот господин направил две кривични дела, значи злоупотреба на службена функција и фалсификување на исправа се кривични дела. И ако врз основа на таквите инструкции го разрешуваме од претседател на судот останува нејасно прашањето зошто тогаш РСС конкретниот госпдин го остава да биде судија. Зарем со вакви инкриминации може да се врши судиската функција, а неможе да се врши претседателската, односно претседател на судот, или пак сеуште не се знае, односно нема правосилна пресуда, или не се знае можеби исходот каков е. Во образложението кое се нуди од страна на РСС се кажува дека за оваа процедура што ја покренал РСС бил известен и претседателот на судот во Кичево и дека тој дал своја изјава, меѓутоа ние немаме претстава која е одбраната, односно кои се аргументите кои што господинот Кирил Миладиновски дава одговор на сето ова и

дали во суштина има некои околности кои му даваат за право да го направи тоа. Значи, во секој случај има недоследности, ако се земе, значи само тоа што овде го имаме како образложение, тогаш останува повторно ќе кажам нејасно, дали со ова што е кажано, а кажано е само за договорот за работа склучен со 6 приправници и 4 стручни соработници, меѓутоа не се објаснува детално на кој начин е кривичното дело фалсификување на исправа, дали обрасците М-2 биле преправани, дали нешто во поглед на дипломите, дали нешто е поставено како некој документ кој што не постоел и тн. за да имаме појасна претстава врз основа на што РСС донел една ваква одлука. Сметам дека оваа одлука на РСС, односно овој предлог на РСС е малку преуранет и дека доволно не е испитан, односно требаше да почека, ако ништо друго како и во другите случаи каде што имаме да заврши судската процедура по однос на конкретниот господин затоа што презумпцијата на невиност важи за сите па и за него. Што ако се утврди во судската процедура која што е покрената дека конкретниот господин не е виновен и дека нема основи за кривично гонење, или пак има ослободителна пресуда. Што ќе правиме тогаш. Тогаш РСС ќе излезе со предлог да го вратиме пак да биде претседател на судот. Заради сето ова што го кажав се надевам дека го убедив парламентарното мнозинство и мислам дека оваа одлука, односно овој предлог треба да се гласа против како не би била конкретнаста личноста разрешена. Мислам дека предлогот на РСС не држи, барем не во оваа фаза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Ленче Софрониевска, претседател на Републичкиот судски совет.

ЛЕНЧЕ СОФРОНИЕВСКА:

Мислам дека треба кратко да се осврнам на некои делови од говорењето на господинот пратеник Караџоски. Лично сметам дека образложението што е дадено е целосно. Со оглед на тоа што господинот пратеник е правник и до скоро адвокат, мислам дека му е јасна целата процедура дека е водена во согласност со законот. Почетокот во кој што се елаборира подигнат обвинителен предлог против претседателот на Основниот суд во Кичево е само иницијатива врз основа на која РСС утврдува нестручно и несовесно работење на претседателот на судот исклучиво во рамките на улогата на претседател на судот, а не како судија и тоа во делот со раководењето и управувањето на судот. Што значи РСС воопшто не сака и не смее да се впушта во утврдување на постоење на некое кривично дело. Во случајов се примени тројца во судот кои што тројца кандидати пријавени на конкурс во судот за приправници, примени се како стручни соработници со сознание на

претседателот на судот дека немаат положено правосуден испит и тука е повреден Законот за судовите, повреден е Законот за работни односи и Законот за државни службеници. Ние само тука можеме да се впуштаме. Притоа сакам да нагласам дека имаше дилеми и во самиот судски совет, дали да се утврдува одговорност и на претседателот на судот и во рамките на судиската функција. Констатиравме дека не треба тоа да се чини бидејќи претседателот на судот во случајот се огрешил од Законот само во рамките на вршењето на претседателската функција. Сметаме дека е тоа опасно заради тоа што може да се случи хипотетички зборувано и други претседатели на судови поучени од ваквиот начин на работење да почнат да примаат луѓе кои што немаат соодветно образование на соодветни работни места со несоодветно образование, во ситуација кога имаме толкав број на невработени правници во нашата држава.

И да не должам нас како РСС не треба да не интересира како ќе заврши кривичната постапка која што се води против колегата Миладиновски. Сосема други реперкусии ќе има доколку таа заврши со осудителна пресуда. Но, затоа потоа во моментов повреден е Законот за судовите, Законот за работните односи и Законот за државните службеници. Од тие причини овој предлог на Судскиот совет поддржан од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија беше доставен на Собранието. Ваше е дали ќе го прифатите, или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ако РСС не го интересира какви пресуди ќе донесе судот по однос на овие кривични дела, тогаш зошто во наредните предлози ни цитирате какви се пресуди донеле кривичните судови врз основа и во поткрепа на оние ваши наводи. Ако не ве интересира, не спомнувајте ни таму дека постои кривично дело, или постои пресуда за некое кривично дело. И неможе РСС да не го интересира дали некој судија е осуден, или не.

ЛЕНЧЕ СОФРОНИЕВСКА:

Се утврдуваат зборовите. Јас сосема со дистинкција ги издвоив двете постапки, бидејќи за наредните предмети ќе зборуваме потоа кога ќе бидат точки на дневен ред. Оваа точка на дневен ред, повторувам дека кривичната постапка неможе да биде предмет на разгледување на РСС. За тоа има јавен обвинител, за тоа има суд кој што ја води постапката. Ние сме утврдувале определена одговорност

во рамките на управувањето со судот во организирањето на судот при прием на нови работници.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Само кратко сакам да кажам дека јас ќе гласам против разрешувањето и се надевам дека парламентарното мнозинство ќе го задржи принципот на непочитување на предлозите на РСС, како и при именувањето на судии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука сте контрадикторни, бидејќи една ода искажавте за РСС. Сега зборувате спротивно. Сега не верувате во решенијата и одлуките на РСС.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претерсот.

Предлогот Кирил Миладиновски да биде разрешен од функцијата претседател на Основниот суд во Кичево го ставам на гласање.

Гласале 59 пратеници, 8 за, 5 воздржани 46 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 64 пратеници,

Констатирам дека Кирил Миладиновски не е разрешен од функцијата претседател на Основниот суд во Кичево.

Минуваме на точката 9.**- Предлог за разрешување на судии на основните судови во Дебар, Кочани и Струмица.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Петрит Дука да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Дебар.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Петрит Дука, да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Дебар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 55 за, 2 воздржани, 2 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Петрит Дука е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Дебар.

Отворам претрес по предлогот Крумислав Алексов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Кочани.

Кој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би ссакал да го искажам своето негодување околу овој предлог. Имено, јас сум против разрешување на судијата на Основниот суд во Кочани, господинот Крумислав Алексов. Имено, во образложението кое што ние доставено од РСС стои дека поради постоење индиции на сомнение за совесно и стручно постапување на судијата кој постапувал како претседател на стечајниот судски совет, значи, направил прекршок со тоа што при лицитацијата, или надавањето кое што го има спроведено како претседател на стечајниот судски совет најповолните понудувачи кои што биле избрани, значи така вели во образложението, кои што биле избрани при таа лицитација, или тоа наддавање не ги уплатиле соодветните износи за купување на наведените деловни простории на ДО Нова Трговија, а тоа биле ДОЕЛ Европа Комерц и Александар 98, значи, покрај тоа што не ги уплатиле соодветните износи тие ги подигнале парите уплатени на благајна во Судот за учество на лицитацијата. И сега поради тоа, се терети претседателот на Стечајниот судски совет г-динот Крумислав Алексов, судија во Основниот суд Кочани, со тоа што им дозволил од благајната на Судот да бидат подигнати 10% учество од страна на најповолните понудувачи. Нашите сознанија се дека претседателот на Стечајниот судски совет воопшто нема ингеренции врз благајните на судовите за повлекување на парите кои што биле дадени како учество во лицитацијата конкретно на овој случај. Имено, сметам дека предметот не е доволно истражен или можеби е пристрасно направено. Исто така, и за второто за кое што се терети при образложението, имено се вели дека без спроведување на јавно наддавање со решение тој и тој им досудил или им дал недвижност на одредени лица, или субјекти во Кочани. Исто така, во изјавата судијата Крумислав вели дека за давањето на овие недвижности има спроведено лицитација.

.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За господинот Крумислав Алексов зборувај?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Па, така реков, Крумислав Алексов.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, продолжете, имате уште една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Значи, исто така, се товари дека без спроведување на јавно наддавање со решение тоа и тоа им досудил недвижност на купувачите Марија Атанас Јаначкова од Кочани за продавница број 2 на Текстил - Борово - Кочани на површина од 34 м2 за цена од милион и нешто и на купувачот Дело Ларчев од Штип продавница број 2, со површина од 70 м2. Значи, во изјавата на судијата Крунислав Алексов се наведува дека за овие простории вршена е продажба со јавно наддавање и уште еднаш на која што не успеала, направено е втор пат, така што сметам дека треба да се преиспита овој случај, поготово што судијата уште два месеци, значи во февруари 2005 година треба да оди во пензија. Значи, два месеци пред пензија го разрешуваме. Има сомненија дека во Кочани има големо влијание на локалните моќници врз судовите, со оглед на тоа што приватизацијата е во тек.

Затоа, сето ова фрла сомнеж на ваквата одлука на Републичкиот судски совет и јас би апелирал овој судија да не биде разрешен, туку напротив да го повлече Републичкиот судски совет овој предлог повторно да се разгледа и да се види дали навистина е така како што е дадено во образложението.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклужувам претресот.

Ова ни е последно гласање за денес.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот Крумислав Алексов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Кочани го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 56 пратеници гласале за, 1 воздржан, 2 пратеници гласале против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во времето на гласањето во салата беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Крумислав Алексов е разрешен од функцијата судија на Основен суд во Кочани.

Тука прекинуваме, продолжуваме утре во 10 часот.

Седницата прекина со работа во 17,37 минути.